## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17.12.2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,13 часот**.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Маринела Тушева, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Станка Анастасова, Горан Мисовски, Али Ахмети, Талат Џафери, Феми Јонузи, Хисен Џемаили, Лилјана Поповска, Горан Петров, Дарко Димитриевски, Иван Стоиљковиќ, Имер Селмани, Сулејман Рушити, Фијат Цаноски, Амди Бајрам и Петар Поп Арсов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 51 пратеник. Од нив за Предлогот гласаа 50 пратеници, воздржани нема, против еден пратеник.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во слата)

Во салата се приситни 66 пратеници. Полноважно е гласањето.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот на поднесување на амандмани за седниците на комисиите ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот за одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Комисијата за образование, наука и спорт предалга дневниот ред на оваа седница да се дополони со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Универзититот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје.

Предлогот ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт да ја образложат основната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт Сефат Незири, повелете.

**Сафет Незири**: Ви благодарам господине претседателе.

Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 декември 2008 година го разгледа Статутот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”-Скопје во втора фаза.

Комисијата констатира дека поднесувањето на Статутот во утврдениот рок од членот 187, став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, постапи според забелшките дадени во прва фаза.

Во согалсност со членот 9, став 4 од Законот за високо образование, врз основа на што Собранието на Република Македонија дава согалсност за Статутот на јавниот Универзитет “Св.Кирил и Методиј”, Комисијата предлага на Собранието да го дополни дневниот ред за оваа седница со Предлог-одлуката за давање согласност на Статутот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, сите 59 гласа за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

( Службите утврдаат точен број на пратеници присутни во салата)

Во салата се присутни 71 пратеник.

Констатирам дека гласањето е полноважно.

Констатитрам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлогот на одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје.

2. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина за соработка во случај на природни и други катастрофи.

3. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Ирска за одбегнување на двојно оданочување и за заштита

од фискална евазија по однос на даноците од доход.

4. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за соработка во борбата против организираниот криминал и други форми на криминал.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој- И читање.

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите - И читање.

7. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Пакетот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа - И читање.

8. Предлог на закон за изменување на Законот за комунални дејности - И читање.

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци - И читање.

10. Предлог на закон за изменување на Законот за цивилни инвалиди од војната, по скратена постапка.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Господинот Андреј Жерновски има предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

Имате збор, повелете.

**Андреј Жерновски**: Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Во име на пратениците на ЛДП сакам да побарам дополнување на дневниот ред.

Имено, бевме сведоци како премиерот на Бугаријаизнесе одредени ставови за позицијата на македонското малцинство во Бугарија. Но, тоа што беше многу поскандалозно, ќе се согласите е молчењето на нашиот премиер, па дури согласувањето за ставовите што ги изнесе премиерот на нашиот сосед.

Колку што мене ми е познато и колку што е познато на македонската јавност, премиерот, во има на Владата, во има на ВМРО ДПМНЕ неколку пати има изјавено дека положбата на македонскот малцинство е топ- приоритет, врвен приоритет на Владата на Република Македонија.

Впрочем, бевме сведоци на масовни собири и подршки за правата на егејците во Република Грција. Она што чувствувм е дека ова е промена на ставот на господинот Груевски и на Владата на Република Македонија, што е уште побитно, и тоа мора да помине со дискусија во Собранието на Република Македонија, имам морално право да го побарам ова, затоа што и на сесеија во Стразбур на Советот на Европа го прашав директно господинот Станишев зошто не дозволува Бугарија регистрација на ОМО-Илинден. И тука, кога имше средба на Мониторниг комисијата зборував за положбата на Македонците во Бугарија кога се дискутираше за состојбта во Република Бугарија. И она што е многу битно, добро е што е тука министерот за надворешни работи, вчера заменикот министер за надворешни работи го изнесе ставот на МНР каде што кажа дека, многу јасно, вчера имавме можност сите да го видиме тоа, како граѓани на Република Македонија, дека оној кој треба да реагира на таквиот став на премиерот на Бугарија е домаќинот, премиерот на Република Македонија.

Се согласувам и пратениците на ЛДП се согласуваат во целост со ставот на МНР, кој штон кажа дека домаќинот е тој кој требаше да реагира. Ние видовме дека не само што отсуствуваше реакција на премиерот на Република Македонија туку гледавте како со кимање, како што велат новинарите, се согласуваше со тоа што беше изнесено.

Значи, почитуван претседателе очекувам подршка најмногу од пратениците од ВМРО ДПМНЕ . Барам да оваа точка, односно овој дневен ред се дополни со следната точка, а тоа е обраќање на премиерот Груевски во врска со неговото неинтревенирање на поставеанта тема, поставениот став, поставената теза од премиерот на Република Бугарија и да видиме дали е тоа конечно промена во ставот на Владата за полжобата на македонското малцинство во Република Бугарија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За жал, ова ваше барање е спротивно на член 70 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За да има можност пратеник или Влада, членот 70, може до утврдување на дневниот ред да предложат внесување на точки во дневниот ред само во случај на итна и неодложна потреба.

Вие ја искажавте итната и неодложна потреба, но во ставот 2 се вели: “Предлагачите од ставот 1 на овој член се должни да поденсат материјал во писмена форма и да ја образложат итноста”.

Од ваша страна немаше материјал во писмена форма за да може да се стави предлогот на гласање.

Предложениот дневен ред го ставам на гласње.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за гласаа 62 пратеници, воздржано 1, против 5 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точката од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член

80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, е не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителотна матичнот работно тело и на Законодавно-правната комисија десет минути, а координаторот на пратеничката група може да говори повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлог одлука за давање согласност на статусот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавен за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 74 пратеници, нема воздржани, против 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на статусот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина за соработка во случај на природни и други катастрофи - второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнителен Предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено, продолжуваме понатаму.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на закон на кој може да се поднесува амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 76 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Босна и Херцеговина за соработка во случај на природни и други катастрофи.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Ирска за одбегнување на двојно оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход - второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнителен Предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе се произнесе госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Ирска за одбегнување на двојно оданочување и заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход има и уште едно симболично значење за сите нас во Република Македонија, бидејќи ова е прв договор помеѓу Република Ирска и Република Македонија кој се потпишува под уставното име на Република Македонија.

Затоа сакам да ја искажам нашата искрена благодарност до Република Ирска за признавање на нашето уставно име. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе.

Освен тоа што го кажа пратеничката сакам и јас да потенцирам неколку факти од друг аспект односно за економското значење на овој Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Ирска за одбегнување на двојно оданочување и така наречена заштита од фискална евазија.

Зошто го потенцирам економското значење? Ценам дека со ратификацијата на овој закон што ќе се ратификува Договор помеѓу овие две земји има неколку цели кои имаат економски карактер.

Најпрвин, се одбегнува двојното оданочување за државјаните на Република Македонија кои имаат привремен престој во Република Ирска во насока на исплата и овие лица во иднина доходот што ќе го реализираат во Република Ирска ќе бидат задолжени да го плаќаат истиот данок како во Република Македонија.

Второ што ценам дека е значајно, исто така преку овој Предлог на закон се одбегнува двојното оданочување на економските субјекти чие седиште е во Република Македонија, но кои на некој начин ќе можат да ја вршат дејноста на територијата на Република Ирска и ќе реализираат дивиденда и овие субјекти во иднина по донесувањето на овој Предлог закон ќе бидат задолжени да платат данок од добивка само во Република Ирска односно таму каде ќе го реализираат својот доход.

Од овој аспект ценам дека закони од оваа природа мислам дека ќе имаат економско значење, не негирајќи го и политичкото значење кое претходно го потенцирав. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на закон на кој може...

Процедурално бара госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Туку што ми јавија дека нема симултан превод на каналот на Македонската телевизија.

**Трајко Вељаноски:** Информациите што ги имам од службата се дека има симултан превод. Не знам од каде ви е таа информација.

Продолжуваме понатаму.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на закон на кој може да се поднесува амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 73 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Ирска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход.

Инаку, да ве информирам вас и јавноста дека во однос на симултаниот превод имаше реакции и претходните седници, но по информации што ги имаме од службите дека е проблем кај кабловските оператори кои го вршат емитувањето на преносот, не е до Македонската радио и телевизија па би сакал таа информација да ја споделам со вас и со јавноста.

Продолжуваме понатаму.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за соработка во борбата против организираниот криминал и други форми на криминал - второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за надворешни работи како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнителен Предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено, продолжуваме понатаму.

Бидејќи не е поднесен дополнителен предлог на закон на кој може да се поднесува амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 80 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за соработка во борбата против организираниот криминал и други форми на криминал.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој - прво читање**

Молам претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот или заменикот министер.

Со оглед на тоа дека нема претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ја прекинувам седницата, продолжуваме во 12,00 часот.

Молам за тоа време да дојде или министерот или заменик министерот.

(Седницата прекина во 11,41 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,10 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците, кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот, да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се јавија, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Никола Ќуркчиев, господинот Васко Шутаров и господинот Панче Дамески.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Ацо Спасеноски.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да дадам едно кратко образложение на текстот на Предлогот на законот. Од своето основање 2007 година до денес Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој забрзано работи на подготовка за започнување на спроведување на средствата од претпристапната помош, односно ИПАРД фондовите. Во таа насока Агенцијата подготви пишани процедури кои беа предмет на повеќе ревизии и кои во моментов се во фаза на национална акредитација. Истовремено Агенцијата од почетокот на 2008 година за прв пат започна да ги спроведува националните програми за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој кои оваа година беа во висина од 45 милиони, а следната година се 70 милиони евра. За изминатиот период од своето основање до денес Агенцијата врз основа на своето практично искуство констатира дека постоечките законски одредби отстапуваат од правилата за добивање на фианнсиска подршка од претпристапната помош во Европската унија, од причини што доделувањето на финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој е управна постапка со свои специфични белези се констатира дека постоечкиот текст на Законот трреба да претрпи измени во насока на прецизирање на управната постапка, роковите и начинот на донесување на решенијата. Измените се и согласно препораките на Европската комисија каде се дефинира начинот и настанувањето на условите кога Агенцијата може да врши поврат на средствата од корисниците, како и да не се додели подршка во случај корисникот не ги врати неправилно искористените средства. Контролата која ја врши Агенцијата на терен, исто така, во овој текст на Предлог на законот е детално објаснета и прецизирана, односно начинот и роковите на вршење на контролата на терен. Вака дадениот Предлог закон ќе овозможи поефикасно работење, но имајќи предвид дека предложените измени се базирани на искуство од самото работење на Агенцијата исто и се во насока на успешно добивање на акредитацијата од Европската унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Сметам дека треба да дадеме подршка на донесување на овој закон, на измените кои што се предложени од страна на предлагачот. Меѓутоа, сакам уште еднаш да напоменам дека и Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, даде подршка на овој закон, иако се разбира имаше повеќе забелешки при донесување и разгледување на овој Предлог. Ценам дека ако главна цел на донесување на овие предложени измени било издвојување на постапките за ИПАРД Програмата од Програмата за земјоделство и Програмата за рурален развој, цениме дека со предложените измени Агенцијата ќе почне дефинитивно подобро да работи од ова што го имаме денес. Секој оној кој што го посетил сајтот на Агенцијата, може да види дека таа и денеска работи, меѓутоа со многу мал капацитет и интензитет, сеуште средства се делат без критериуми. Но, јас ценам дека тоа е заради тоа што фалат подзаконски акти. Во оваа прилика ќе кажам дека можеби овој закон не доближува до Европската унија, меѓутоа само ако се применува. Сакам да бидам појасен, само до колку бидат донесени подзаконските акти за примена на овој закон. Имено, јас ценам дека 60-тина луѓе вработени во Агенцијата се добар предуслов за спроведување на овој закон, иако велам дека можеби малку подобро ќе беше и предложени истиот до колку се имаше транспарентност и до колку беа донесени некои подзаконски акти кои што и до сега го регулираа работењето на Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој во Република Македонија. Ценам дека неопходно потребно е, почитуван министер, да направите максимални напори Агенцијата да се оспособи, да создаде кадар кој што ќе биде спремен и подготвен да се соочи со предизвиците на ова ново време кое што наидува, или е веќе тука не само за политичка дебата, туку за егзекутива, значи на работа на терен.

Еден од актите кој што сакам посебно да го издвојам во оваа прилика е, а фали актот за уредување на пазарот. Имено, сите знаеме дека во делокруг на работењетона оваа Агенција е и интервентниот откуп и продажба на земјоделски производи, со цел стабилизација на пазарот на земјоделските производи. Ние ве подржавме како СДСМ при носење на Законот за агро берзата. Меѓутоа, не можеме само да читаме дека ова е во надлежност на Агенцијата, а да таа мирува, односно воопшто да не работи. Што ќе се случи до колку доматите, или јаболките, ќе направи ли нешто,има ли стручен тим, има ли некоја анализа оваа Агенција да интервенира во овој момент? Или до кога ќе чекаме само формално, теоретски велам ги носиме актите, или уште еден пример да дадам, а тоа е спроведувањето на агроеколошките мерки. И интервентниот откуп и агроеколошките мерки можат да се применуваат само до колку постои дефинирана работа за тоа. А во овој момент сите знаеме дека тоа фали. Мислам дека на сите нас ни е јасно дека за спроведување на овие нешта, еве да речеме за агроеколошките мерки во Република Македонија фалат многу дефиниции за таа работа. Дали се знае каде се наоѓаат тие подрачја, дали се дефинирани тие подрачја, кој ги дефинирал, според кои услови и т.н. Јас на Комисијата зборував и за делот на органското производство, но овој пат ќе го прерипам тоа. Значи, ако Агенцијата сакаме да ја оспособиме да биде вистинска Агенција за подршка на земјоделството во Република Македонија,не треба да биде само Агенција во една нова форма на финансиска подршка на земјоделството, значи не треба да биде само следење на реализација на одобрените кредити, или проекти, туку вистински да се бави со проблемите на земјоделството, на аграрот би рекол во Република Македонија. Сите знаеме дека мора да постојат и ограничувања. Значи, днеешниот аграр можеме да очекуваме да биде развиен, или да се развива само до колку луѓето од Агенцијата стручно и обучено ги подготват земјоделците да аплицираат, да ги следат новите трендови во оваа дејнсот и се разбира, да бидат пред се информирани и за негативните последици за кои што апсолутно тврдам дека не се информирани кои што можеби ќе произлезат со носење на еден ваков закон каков што носиме ние денеска. Голем број од земјоделците не се информирани за тоа какви се позитивни нешта носи овој закон. Меѓутоа, истовремено тврдам дека треба да знаат дека голем број нови услови поставуваат новите европски директиви кои што се веќе применети во овие измени и дополнувања на овој Закон. Уште еднаш сакам да потврдам и да потенцирам дека ние ќе дадеме подршка на носење на овој закон. Меѓутоа, истовремено апелирам итно да се подготви законот за државна помош, да бидат донесени подзаконските акти како земјоделците во Република Македонија не би чекале секој понеделник, или секоја седница на Влада да слушнат за нови критериуми и нови начини на распределба на финансиски средства во делот на програмите за земјоделство и рурален развој. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Ацо Спасеноски.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам.

Јас со посебно внимание ја слушав дискусијата на пратеникот Ќуркчиев, кој е претседател на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и на мое изненадување како претседател на таа Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство, не дискутираше за законот, туку не знам зошто го спомнувавме средствата да се делат без критериуми, а се работи за закон, за Агенција за финансиска подршка. Прво, постои посебна Програма која се носи и на седница на Влада во која изработка учествуваат и земјоделците, поминува и на агро Советот кој за прв пат е формиран во 2007 година каде што точно има критериуми како се делат субвенциите, како се делат финансиите. И затоа 80-тина илјади земјоделци конкурираат да добијат субвенции.

Она што го кажавте за изработка на подзаконските акти согласно овој закон, тие подзаконски акти се уредба за начин на постапување, или работа во самата Агенција и тие се завршени и денеска и сега во овој момент веќе има ревизори во самата Агенција каде што работат во процесот на акредитација на таа платежна Агенција. А да напомнам дека таа Агенција е формирана 2007 година.

Околу кадарот кој работи во таа Агенција, тие се млади луѓе кои беа на оглас, кои и сега моментално одат на обуки за да можат да ги спроведуваат европските претпристапни фондови.

Она што го спомнавте за интервентен откуп. Агенцијата не врши или не може да врши интервентен откуп. Таа е формирана само за пласирање на европските фондови и на националните буџетски средства според Програмата донесена за националните, или според ИПАРД Програмата донесена за европските фондови.

Она што го спомнавме околу аплицирањето. После добивањето на акредитацијата на оваа платежна Агенција, националната акредитација од 1.01.2009 година ќе одиме со уште поголема кампања во која се вклучени препораките на самата Европска унија. Така што,измената на овој Закон, посебно би го истакнал членот 24-б каде што сите оние кои имаат одредена злоупотреба, или се обиделе да прават злоупотреба на користење на средствата од Агенцијата ќе се води посебна листа и во рок од две години не ќе можат да апицираат за добивање на средства.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, малку ги измешавме работиве. Со сиот респект кон вас и работата која што ја обавувате, ценам дека направивте неколку сериозни пропусти, или грешки во вашата реплика. Најпрво би сакал да ви кажам дека во делокругот на организација на Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој Секторот за директни плаќања во земјоделството е надлежен за неколку работи, меѓу другите за спроведување на мерките за дирекни плаќања во земјоделството, за интервентен откуп и продажба на земјоделски производи со цел стабилизација на пазарот на земјоделските производи. Погледајте го членот 6 по старо, а сега по ново 7 и ќе видите дека тоа е ваша надлежност, на Министерството. Или ми се чини беше член 34 од Законот за земјоделство, и рурален развој и се надевам дека правилно ја разбравте оваа моја дискусија, со намера дека во иднина ќе се исправат тие грешки.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Живко Пејковски.

**Живко Пејковски**: Почитуван претседателе, почитуван министер, односно министри, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека господине Ќуркчиев ќе се сложите со мене дека на земјоделците не им е потребно политиканство и лоша политика, дека пред се на земјоделците им се потребни пари. Затоа што од политика, политиканство и лошо водење на земјоделието дојдено им е преку глава. Јас морам во интерес на јавноста да ве потсетам и вас колеги пратеници дека оваа Влада води сметка за земјоделието. Видете го само податокот 2006 година кога за субвенции беа одвоени 6 милиони евра, а видете го податокот оваа година што помина и оваа идна година колку пари се одвојуваат за земјоделието. Сега ако 6 е поголемо од 45, или 6 е поголемо од 70, тогаш јавноста сама нека процени. Меѓутоа, се сложувам со вас господине Ќуркчиев дека напластените проблеми во земјоделството не се решаваат преку ноќ и со волшебно стапче. Затоа покрај пари потребна е и работа. Затоа и покрај тоа што добивме позитивен Извештај од Европската комисија, не смееме да замижиме пред фактот дека треба да продолжиме со работа, посебно сите структури во Агенцијата и во Министерството за земјоделство да продолжат со континуирана работа за догодина да добиеме подобар извештај. Затоа треба да ги охрабриме вработените во Агенцијата да продолжат со својата континуирана работа не во интерес на Европската унија, туку во интерес на Република Македонија. Затоа мислам дека ќе се сложите дека имаат добри предуслови. Прво, имаат буџет од 70 милиони евра. Второ, имаат добри насоки од Европската комисија кои што треба да се следат и да се почитуваат, имаат добар Предлог на закон што денеска ние го носиме, треба што побрзо да се имплементираат подзаконските акти. И добрите обуки и курсеви кои ќе им бидат од голема помош треба максимално да ги искористиме. И на крајот сето тоа да биде во функција на земјоделците и сточарите, во функција на решавање на нивните проблеми, во функција да се цени трудот. И на крајот повторно би замолил како и секогаш да не заборавиме сите од каде доаѓаме и каде треба да се вратиме.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Само кратко, благодарам на репликата.

Почитуван колега, навистина доволно се познаваме да знаеме дали на земјоделците им треба политика, или политиканство, или им требаат средства. Им требаат средства за преживување, им требаат средства за да можат да си ја платат струјата, им требаат средства барем за основна репродукција, им требаат средства да можат барем тековните работи да ги обавуват, меѓутоа средствата што ги добиваат се согласувате и вие и јас дека се премногу мали.

Без разлика кој, како, и кога издвојувал средства сите треба да знаеме дека од 2009 до 2013 година се свртуваме кон руралниот развој. Колку пари се издвоени за земјоделието најдобро ќе ни кажат земјоделците и колку вреќи ѓубре можат да купат со средствата кои се издвојуваат. Благодарам

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги, претставници на извршната власт,

Измените и дополнувањата на Законот за Платежна агенција и на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на првото читање во Комисијата за земјоделство доби зелено светло и во таа насока сакам да се задржам во мојата денешна дискусија.

Она што постојано и на Комисијата и на Собранието, на собраниските седнии потсетувам е сложената материја која не очекува во процесот на прилагодување кон европското право. Од 24 илјади документи кои ќе треба да ги прилагодиме во правец на приближувањето кон Европската Унија, 10 илјади прописи се од областа на земјоделието. Постојано потсетувам на тоа како тема која допрва не очекува и која ја сметам за многу сложена операција. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, тука ќе има најголема одговорност и најголема работа. Значи 10 илјади прописи треба да се преведат и прилагодат кон нашиот правен систем. Меѓутоа, Европската унија во 2005 година донесе Бела книга за спроведување на европските политики, која сега ќе интерпретирам, и сакам тоа да го поедноставам. Секоја европска политика ќе треба да биде прилагодена или приспособена на јазик

разбирлив за крајните корисници. Сложената материја од доменот на земјоделието која ја прилагодуваме кон нашиот правен систем ќе треба да биде јасна или приемчива за крајните корисници, а тоа се земјоделците.

Законот што денес го носиме за измени и дополнувања е во делот на промените на управната постапка или на договорните услуги кои корисниците на ИПАРД фондовите, тоа е петтата компонента од претпристапните ИПА фондови, ќе треба да го склучат со Агенцијата за поддршка на земјоделците. Тоа се неколку членови кои носат измени и дополнување или го договараат договорниот однос на земјоделецот, крајниот корисник на помошта и Агенцијата за поддршка на земјоделието.

Меѓутоа, мојот апел и на оваа пленарна седница и на Комисијата кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за комплетна мобилизацијата на севкупниот човечки ресурс, вработните, мобилизација во правец на информирање на земјоделците и до три пати ќе повторам, информирање и информирање на земјоделците.

Зошто го велам тоа?

Често сме на терен, имаме контакти со земјоделците, ја знаеме нивната проблематика, ги разбираме нивните проблеми. Меѓутоа, да се доближат овие средства кои Европската унија ќе ги пренасочи кон земјоделците, тоа треба да се одработи. ИПАРД фондовите или Петтата компонента од претпристапните фондови не значи дека парите ќе паднат од небо. Еден од главните принципи за оваа помош е дека средствата не се дадени, туку тие треба да се одработат.

Со Одлука на Влада скоро целото подрачје на Република Македонија е рурално подрачје . Според последната поделба на руралните предели од 1966 година имавме проблем со дефинирањето на руралните подрачја. Меѓутоа, сега со оваа нова концепција секој граѓанин кој што се занимава или е дел од руралниот развој ќе може да добие дел од средства, во 50% рефундирани средства од она што го има вложено. Меѓутоа, оној кој што треба да ги очекува ИПАРД парите или ИПАРД средствата треба да има свој бизнис план. Околу тој бизнис план некој треба да му помогне или да го информира како тој бизнис план да го направи. Треба да има постојана книговодствена евиденција, книговодствено финансиска евиденција и трето, ќе треба да имаат редовна комуникација со Агенцијата за поддршка на земјоделието.

Јас ја гледав веб страницата на Агенцијата за поддршка на земјоделството, тоа е добро дизајнирана веб страница. Меѓутоа, на таа веб страница ИПАРД програмата и Анексот на ИПАРД програмата, ажуриран на 23 септември оваа година, е на англиски јазик. Јас не знам земјоделецот ако сака од таа веб страница на пример да се информира како средствата ќе може да ги добие тој, ќе треба да се потруди од англиски да најде толкувач или да го преведе сам тоа.

Зошто го повторувам ова?

Постојат, тоа многу често и на Комисијата го кажувам, лоши и добри искуства во добивањето на средствата за предпристапна помош во земјоделието. Доброто е искуство е словенечкото, успеале во првата фаза на предпристапни помошти за земјоделството, во 80% од средствата, да ги имплементираат или добијат, или употребат парите. Постои лошо искуство, лошото искуство е од предпристапната помош во Република Бугарија, одвај со 40%. Европската Комисија ги одвојува овие средства, но не туку така ги распоредува да одат во неповрат. Од извештаите од 2008 година во јули месец, четири бугарски агенции за имплементација на оваа помош се ригорозно казнети и земени им е ингеренциите заради злоупотреба на овие средтва.

Сакам да апелирам до претставниците, до Министерството, до сите колеги кои оваа област ги ин тересира дека постојат неколку добри модели кои ќе треба да најдат терен или плодно тло и во нашата земја. Земјоделците треба да се научат дека за да дојдат до овие средства треба да се здружуваат. Постои т.н. Ирски модел, кој ќе сакам и овде да добие јавност, а тоа е начин на здружување во руралните подрачја. Обично се тоа единки од 20 до 25 луѓе, кои низ формите на јавно приватно партнерство и хоризонтално поврзување меѓу самите земјоделци многу лесно наоѓаат начин да дојдат до овие средства. Во Португалија има искуства, тоа е т.н. историско село од руралните подрачја, исто така огромни средства земаат од европските пари од ИПАРД фондовите. Во Унгарија дури постои рурален парламент, севкупниот граѓански сектор, здружението од сите помали места, тие се здружени во една форма која е партнер на нивното односно унгарското министрство кое што ја третира оваа област. Во Финска исто така има интересен модел, кој со некаква меѓуискуствена соработка доби јавност и во нашата земја. Нивниот модел се вика модел на т.н. живо село. Значи, низ форми на здружување и јавно приватно партнерство како полесно овие средства од ИПАРД фондовите да бидат имплементирани.

Претставникот од Комисијата за земјоделство на Европската Комисија Жак Кутел минатата и оваа година напиша добри референци за нашата земја во процесот на прилагодување на ИПАРД програмите. Јас се надевам дека оваа добра тенденција што ја почнавме и континуираната работа на терен со земјоделците во правец на нивно информирање ќе не одведе на добар пат за добра примена на овие средства.

Моја поддршка за Предлог законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Дамески Панче. Повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван претседател, почитуван министер, дами и господа пратеници,

Република Македонија согласно преземените обврски за воспоставување на посебна институција за ефикасно спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и поттикнување на руралниот развој, во 2007 година, за жал со задоцнување од скоро две години, формира Платежна ангенција, односно Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој.

Потребите од основањето на оваа институција беа по препораките од Европската унија и наметнати од законодавството на Европската унија.

Целите за кои се формира оваа институција беа пред се спроведување на нашата национална земјоделска политика и за прв пат спроведување на поддршка на руралниот развој. Потоа, оваа агенција е потребна за подготовки за користење на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој, како што кажаа и претходните соговорници, тоа е Петтата компонента од ИПА, компонентата за рурален разој ИПАРД.

Во таа смисла, се надевам дека Агенцијата во слендиот период што е можно побрзо ќе направи акредитација, прво национална, а потоа и европска и ќе добие потврда дека и Макеоднија е подготвена да ги следи и спроведува мерките од ИПАРД програмата.

Овде сакам да нагласам дека сепак оваа агенција е по требно да биде ефикасна и јака, пред се, за спроведвување на нашата национална земјоделска политика, а потоа и за користење на претпристапната помош од Европската Унија. Зошто го велам тоа? Бидејќи со Програмата од Владата средтвата кои ќе треба да ги спроведе оваа агенција за поддршка на земјоделството се многу поголеми од тие на Европската унија. За 2009 година субвенциите за директна помош од Владата за земјоделците ќе изнесуваат повеќе од 70 милиони евра, а од тие што се од европските фондови се околу 19 милиони евра.

Преземените активности околу формирањето на оваа агенција одеа пред се за подигање на достоинството на македонските земјоделци да можат достојно и пристојно да живеат од својата работа и прв пат во Македонија се почна со реална ревитализација и обнова на македонското село.

Со оглед на досегашното исккуство во функционирањето на Агенцијата се намет на пот реба од измени и дополнувања на постојниот Закон. Дел од овие измени и дополнувања се произлезени и од измените што се случија во законодавството во Европската унија, со што ние правиме една хармонизација на нашето законодавство, со тоа на Европската унија. Побитни измени кои се предвидени во овој Закон се: прецизно дефинирање на начелото на поделба на надлежностите, потоа подетално се утврдени специфичностите на управната постапка. Причина е тоа што доделувањето на субвенции во земјоделието е управна постапка со свои специфики. Со овие измени е утврдено кои лица може да бидат баратели на финансиска поддршка, утврдени се договорите за финансиска поддршка како посебен вид на управни договори и начинот на исплата на финансиската поддршка. За мене е доста битно што во овие измени е дефиниран повраток на средствата, кој сега е детално утврден со нов член,. каде се утврдуваат случаите кога се бара поврат на средствата. Предвидено е воведување на листа на корисници кои извршиле злоупотреба на финансиска поддршка кои нема да можат да конкурираат за помош следните две години. И од земјоделците и од контактите на теренот мислам дека Министерството треба да размисли дали да се зголеми оваа казнена одредба, што ззначи тие што извршиле злоупотреба да бидат казнети повеќе од две години. Мислам дека е преблаго тој што прави злоупотреба, што поднесува фалсификувани документи ќе биде казнет две години.

Добро е што се предвидува зголемена транспарентност во постапка за добивање финансиска поддршка со објавување на корисниците на интернет страната на Агенцијата со нивно име, презиме, општина и износот кој го добиле на финансиска поддршка.

Воведувањето на прекршочните одредби со кои се потврдува сериозноста на Агенцијата да работи крајно одговорно со што ќе се грижи не само за правилно одобрување , исплати, реализирање на доделените финансиски средства, туку ќе врши и преземање на соодветни мерки спрема оние кои не постапуваат согласно прописите при користење на тие средства.

Со предложените решенија очекувам да се овозможи пред се поефикасно и поефективно функционирање на Агенцијата и дека во таа смисла Агенцијата ќе воспостави поедноставна и поефикасна комуникација со земјоделците при реализирањето на годишните програми на Владата за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Навистина можеби дел од земјоделците не се сосема информирани, меѓутоа, фактот што повеќе од 80 илјади земјоделци извршија апликација, дадоа барање за помош, говори дека и те како земјоделците се добро информирани.

Во однос на забелешките дека средствата се делат без критериуми, поделените 45 милиони евра од Програмата за 2008 година на голем број апликанти според строго одредени критериуми јасно зборува дека Агенцијата работи според точно определени критериуми соглано годишните програми. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на Законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е прифатлив и може да се даде на натамошно, односно второ читање.

Овој Заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Мислам дека имаме кворум.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 71 присутен во салата, гласале 71 пратеник “за”, нема “воздржани”, нема “против”.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите, прво читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование, наука и спорт како матично работно тело и на Законодавно правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријавија: министрот за образование и наука, господин Незири Сафет, господин Лазарев Јован и господин Јашари Аднан.

Има збор господинот Перо Стојановски, министер за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам потпретседателе.

При подготвувањето на овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите се тргна од моменталната состојба со ниски плати на вработените во Академијата во однос на платите на државните службеници и другите вработени во јавниот сектор.

Повеќе од 15 години платите на вработените во Академијата имаат тренд на опаѓање. Со декомпресијата на платите на вработените во органите и организациите на управата, вработнеите во Академијата не беа опфатени. Од сите корисници на средства од Буџетот на Република Македонија единствено кај вработените во Академијата не е извршена декомпресија.

Имено, во рамките на Македонската академија на науките и уметностите, вработените своите права на плата ги остваруват по три основи. Имаме научни и уметнички соработници кои своето право на надоместок го обезбедуваат преку Законот за научно истражувачка дејност, потоа имаме стручно административни соработници кои во моментот се со нерегулиран статус и технички помошни соработници кои своите права ги остваруват преку Законот за работни односи. Сега со овој Закон токму се врши класификацијата во три групи и тоа првата група се научни и уметнички соработници, втора група стручно административни соработници и третата група технички и помошни работници.

Прелдагањето на овој Закон има за цел да се изедначат платите на вработените во Академијата со платите на вработените во другите државни органи и вработените во јавниот сектор и нивна стимулација за поефикасна и поуспешна работа, посебно со платите на научните работници со еквивалентни звања.

Законот чие донесување се предлага се заснова врз начелата на Уставот на Република Македонија, односно врз принципите на еднаквост на граѓаните и правото на соодветна заработувачка.

Предложените дополнувања на Законот ги содржат и следните решенија.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

Следниот за збор е господинот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Иако во главни точки министерот даде образложение во насока на тоа што содржи овој Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Комисијата за образование, наука и спорт на 12 декември 2008 година одржа седница на која едногласно одлучивме за измени и дополнувања на еден повисок ранг, за еднаквост на месечните плати на вработените во Македонската академија на науките и уметностите, со сите други вработени кои се во јавниот сектор и во други државни органи.

Гледајќи го од реален аспект, во овие 15 години, јас би рекол и повеќе од 15 години, вработените во Македонската академија на науките и уметностите, но и тие кои имаат научни звања, асистенти, магистри, доктори на науки, академици итн, сите кои се вработени во оваа Академија ако ги видиме нивните месечни плати и статистичките податоци кои ги имаше претставникот на Комисијата од претставникот на Македонската

академија на науките и уметностите, навистина имаат мизерни плати.

Мислам дека можеби и со задоцнување се интервенираше во оваа насока, требаше порано да се интервенира во оваа насока да има една постојана одржливост во научната дејност на оваа високо образовна академска научна институција во Република Македонија, како што е Македонската академија на науките и уметностите и навистина да има достоинство, како научни работници и да не бидат зависни од таа плата. Некои плати имаат вредност од 200 евра.

Споредбата со другите научни институции и со другите факултети, каде звањата се исти, вработените горе - долу се исти, речиси двојни беа платите пониски во оваа Академија. Со ова фактички се прави еден вид изедначување, иако да бидеме реални, можеби во овој момент не можеме да ги исполниме критериумите кои треба да се исполнат кон овие вработени во Македонската академија на науките и уметностите. Можеби платите треба да бидат повисоки, но како и да е, мислам дека еден почеток и ваков старт од оваа природ, за да им укажеме на научните работници и другите вработени во Македонската академија на науките и уметностите, дека некој се грижи за нив, државата, Собранието итн. на институционален начин оваа интервенција е добра и мислам дека финансиски импликации нема. За Буџетот за 2009 година се предвидени финансиски средства во оваа насока и мислам дека не треба да застанеме со ова, но треба да се има предвид коефициентот на овие месечни плати, да се зголемат и со некој повисок коефициент, бидејќи се говори за академски граѓани, кои навистина даваат голем придонес и за нивните научни трудови и за промоцијата на државата, науката, културата, историјата и уметноста итн. Ви благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Јован Лазаров, повелете.

**Јован Лазаров:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер за образование и наука, почитувани колеги пратеници,

Македонската академија на науките и уметностите е највисоката научно истражувачка институција во Република Македонија. За жал, вработените во Академијата, како и самите научници, односно академици, го немаат тој третман изразен со платите на вработените и надоместоците на академиците. Со нивните плати досега всушност, како да се работеше за некоја најспоредна институција, а не за врвната научно истражувачка институција во Република Македонија. Нешто слично беше и со научните институции во Република Македонија, како во Институтот за македонски јазик, фолклор и другите, каде што исто така имаше една неправда, каде што според начинот на финансирање на високите институции, имаше разлика во надоместоците кои се одвојуваа од Буџетот на Република Македонија. Имено, високо образовните институции, според оној условно неквалификуван работник, како што се викаше, според кој се издвојуваа средства за институциите, имаше вредност од 4.900 денари, а за научните институти тоа беше помала вредност околу 3.900 денари, меѓутоа, еве во овој момент од пред месец - два се исправи таа неправда и сега институтите по издвојување на средства од Буџетот за таа намена, се изедначија со високо образовните институции, со факултетите. Сега со овој закон ние всушност исправаме една неправда и спрема вработените во Академијата и ги изедначуваме платите на вработените со платите во јавната и државната администрација. Платите досега беа не скромни, туку катастрофално лоши. Сега ќе бидат скромни но ќе бидат еднакви со платите на другите службеници во јавната и државната администрација. Со законот, се прават и некои други ситни промени во Македонската академија на науките и уметностите, каде што се врши, односно се формира еден секретаријат кој што ќе раководи со Академијата, а се врши и класификација на вработените во Академијата во три групи, научни и уметнички соработници, стручно-административни соработници и технички и помошен персонал.

Се разбира дека зависно од степенот на образованието и од функцијата ќе следува и додаток кој што додаток исто така е регулиран со овој закон и кој што додаток се движи од 100 бода за помлад референт до 625 бода на секретарот на Секретаријатот. Значи, тоа е едно добро законско регулирање. Како што чувме средствата кои што се потребни за оваа намена се предвидени со Буџетот за 2009 година, така што во самиот буџет нема да предизвикаат никакви фискални импликации, бидејќи тие средства се предвидени. Еве, од овие причини јас ќе го поддржам донесувањето на овој Предлог на закон. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседателе.

И ние ќе го поддржиме овој предлог преку кои се извршуваат измени и дополнувања на Законот за Македонската академија на науките и уметностите, поради неколку причини. Ценам дека трендот на зголемување на личните примања во државната администрација е добро да продолжи и за другите органи кои на некој начин, како што се образовните и научните институции, односно како што е во случајот Македонската академија на науките и уметностите.

Од овој аспект, ценам дека тенденцијата на предлагачот, врз основа на тоа што е предложено е токму тоа. Ценам дека мнозинството знае за

моментот, за најголемиот дел на вработените во Македонската академија на науките и уметностите, бидејќи во Македонската академија на науките и уметностите има и лица кои не се вработени, немаат склучено договор за вработување и со овој Предлог не се регулираат правата на оваа категорија, туку ги уредува правата за онаа категорија лица кои се вработени во Македонската академија на науките и уметностите, кои имаат редовен работен однос.

Анализирајќи го тоа што е предложено, констатирам дека овој закон на некој начин го регулира тоа што е главен дел, е регулирано со основачкиот акт, односно статутот на Академијата, каде што, зборувам од аспект на техничката организација, во кој статут се предвидува оваа класификација на вработените, како што е предвидено во диспозицијата на членот 2 од овој Предлог. Меѓутоа, сакам да ја информирам општата јавност, бидејќи врз основа на статистичките податоци кои ги има за Македонската академија на науките и уметностите, еден доктор на науки кој засновал работен однос во моментот има лични примања околу 16 илјади денари, околу 300 евра. Сметајќи, ова што е предложено, имаме зголемување на овие примања 100%. Ценам дека приближно се усогласи со вработените со исти научни звања во другите образовно научни институции, односно универзитети и факултети. Меѓутоа, најпрво би сакал да сугерирам на предлагачот дека во иднина во случај да се предлага изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите, добро би било овие закони да се инкорпорираат и со начелото за правична застапеност, бидејќи врз основа на информациите што ги поседувам редовен работен однос во Академијата во моментот, нема ниедно лице со адекватна квалификација од албанската националност. Затоа ценам дека добро би било и во оваа институција, која ценам дека се смета за една од највисоките научни институции во Македонија, да се извршат обиди, ова начело да се инкорпорира и внатре во оваа институција. Анализирајќи уште еднаш ќе повторам тоа што е предложено, односно тенденцијата за зголемување на личните примања и второ усогласување на овој закон со одредбите на законот кој ќе се усвои. Јас и во име на парламентарната група на ДУИ ќе гласаме за овој закон. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

И јас би саката да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ околу измените и дополнувањата на Законот за Македонската академија на науките и уметностите. Впрочем, и нашите членови по работните тела во расправата го поддржаа овој закон, измените на овој закон и денеска на седница исто така пратеничката група на СДСМ ќе ги поддржи овие изменувања, затоа што сметаме дека со овој закон, со овие измени се врши една исправка на една неправда, затоа што вработените во Академијата досега не беа опфатени со декомпресијата на платите на вработените во јавните установи и мислиме дека нивото на кое што се наоѓаат денешните плати на вработените не е соодветно на она што го даваат како придонес во развојот на државата и секако дека овие измени ќе дадат еден поттик, еден стимул за уште поефикасно вршење на работите на вработените во Македонската академија на науките и уметностите, затоа што сметаме дека Македонската академија на науките и уметностите е од исклучително значење за Република Македонија и треба соодветно да се вреднува трудот на научните и стручните работници во оваа институција, пред се и над се, заради нејзината одржливост, а на крајот на краиштата и заради почитување и заштита на достоинството и дигнитетот на оние кои што го даваат својот значителен придонес во развојот на државата во сите области. Затоа уште еднаш повторувам, пратеничката групана СДСМ ќе ги поддржи овие измени и дополнувања. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за образование, наука и спорт, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за образование, наука и спорт и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 71 присутен пратеник во салата, 71 гласале за, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој и по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа, прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и Буџет, како матично работно

тело и Законодавно-правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа, по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавени господинот Јован Манасијевски, Макрадули Јани, господинот Андов Стојан, господинот Игор Ивановски, господинот Стојче Крстевски, заменик министерот за финансии, госпоѓа Весна Бендевска, госпоѓа Цветанка Иванова, господин Марјанчо Николов, господин Александар Николовски и госпоѓа Мираковска Соња.

Му давам збор на заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам потпретседателе.

Целта на овој закон е обезбедување на финансиски средства за целосна реализација на Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа.

Овој проект е дел од политиката на Владата на Република Македонија за рамномерен регионален развој и претставува одговор на состојбата во која се наоѓаат регионалните и општински патишта во Република Македонија.

Со овој проект очекуваме да се резултира во подобрување на квалитетот на патната инфраструктура во Македонија и намалување на трошокот за пристап на општините во Република Македонија до пазарите и услугите. Дополнително преку овој проект се очекува да се зајакнат институционалните капацитети на Агенцијата за државни патишта. Средствата предвидени за реализација на овој Проект изнесуваат 120 милиони евра. Во вкупниот износ од 120 милиони евра на Проектот, Светска банка учествува со заем во износ од 70 милиони евра.

За таа цел Собранието на Република Македонија да го усвои законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка, по договор за заем, по проектот за подобрување на постојната патна и регионална мрежа, објавена во службен весник на Република Македонија 84/2008 година.

Но, Владата на Република Македонија дополнително ја утврди потребата од обезбедување на финансиски средства во износ од 50 милиони евра за затворање на финансиската конструкција на проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа.

Согласно интерните анализи на доставените понуди од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори, кои беа извршени во Министерството за финансии, Владата на Република Македонија одлучи да се обрати до Европската банка за обнова и разовј како најповолен кредитор со барање за отпочнување на преговори за финансирање на останатиот износ од 50 милиони евра наменети за овој проект.

За таа цел по извршените преговорти по Нацрт текстот по Договорот за заем двете страни односно Министерството за финансии во име на Владата на Република Македонија и Европската банка за обнова и развој се договорија заемот да се даде под следните услови.

Заемот се повлекува во две транши и тоа прва транша ќе изнесува 24.750.000 евра, со кои ќе се финансира програма за регионални патишта со која се предвидува реконструкција на девет регионални патишта во вкупна должина од над 160 километри. Може и да се напоменат кои патни правци.

Патните правци: Аргулица - Зрновци 8 км., Василово - Ангелци - Вељуса 4км., Радовиш - Конче - Љубница 16 км., Маково - Манастир 15 км., Витолиште - Мајден - Мрежичко 39 км., Демир Капија - Мушов Гроб 37 км., Струга - Дебар 26 км., и Квадарци - Мушов Гроб 16 км.

Втората транша ќе изнесува 25 милиони евра и ќе се однесува за финансирање на програма за општински патишта.

За реализација на оваа програма ќе се распише јавен повик по правилата на Европска Банка за обнова и развој, на кој сите општини ќе можат да пријавуваат општински патишта кои би се реконструирале преку оваа програма.

Каматната стапка по која ќе се отплаќа заемот е 6 месечен еуролибор зголемен за маргина од 0,50%.

Рокот на отплата на заемот изнесува 15 години со вклучен грејс период од четири години.

Отплатата на заемот ќе се врши на 22 полугодишни анувитети, на секои 5-ти декември и 5-јули во годината во период од 5-декември 2012 година до 5 јули 2023 година.

Започнувајќи од денот на повлекување на првата транша Република Македонија ќе исплати на ЕБОР еднократна провизија во износ од 0,50% од износот на заемот односно 250 илјади евра.

Дополнително ЕБОР ќе наплаќа провизија за ангажирани неповлечени средства во висина од 0,25% годишно од износот на заемот.

Корисник на средствата од заемот е Агенцијата за државни патишта.

Средствата за сервисирање на заемот ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.

Дополнително Агенцијата за државни патишта ќе учествува во реализација на овој проект со средства во износ од денарска противредност од 10 милиони евра, од кои 8.955.000 евра имаат за цел финансирање на обврска по основ на ДДВ која не може да биде финансирана со средства од заемот.

645.000 евра за изработка на проекти.

300.000 евра за надзор на општинските патишта и

100.000 евра за експропријација.

ЕБОР ќе обезбеди дополнителни 3.055.000 евра гранд средства во вид на техничка помош за поддршка на проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Недим Рамизи.

Следен за збор е господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници.

Уште веднаш на самиот старт да кажам дека овој закон не треба. . .

**Јани Макрадули:** Се извинувам ако може да држиме барем минимум ред во салата.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Овој закон не треба да биде поддржан од парламентот меѓу другото затоа што и на најексплицитен начин ја покажува лицемерната и погрешна политика на Владата. Што предлага овој закон?

Република Македонија да се задолжи за 50 милиони евра, а од огромниот, мегаломански буџет од 2 милијарди и 700 милиони евра трошоците, голем дел од трошоците да одат на непродуктивни намени, на намени не само што не придонесуваат за економскиот развој, туку се и спротивни на елементарната логика на економскиот развој.

Прашањето е едноставно, меѓутоа, колку што е едноставно толку Владата има поголем проблем да даде едноставен одговор. Како во Буџет од 2 милијарди и 700 и нешто милиони евра не може да се најдат 50 милиони евра.

Истовремено за реклами, според податокот на невладината организација која што најблиску се занимава со овие работи за 2007 година се потрошени 23 милиони евра, за рекламирање на Владата 2008 година се очекува таа бројка да биде над 40 милиони евра.

Прашањето е едноставно и истовремено многу болно.

Приходите остварени од даноците, од огромното оданочување и на физичките лица и на фирмите Владата ќе ги користи за само рекламирање, а за градење општински и регионални патишта ќе се задолжуваме. Тоа е таа искривена логика која што со овој закон ни ја нуди Владата.

Секој пратеник што ќе даде поддршка на овој закон ќе биде учесник во едно навистина первезно сваќање на јавните финансии и јавните работи.

Факт е дека општинската и регионалната патна мрежа во Македонија е во лоша состојба и факт е дека мора да се инвестира, меѓутоа навистина е нејасно како во таа реторика на Владата дека огромни средства ќе се вложуваат во капитални расходи и дека ќе се зголемуваат јавните инвестиции како нема од 2 милијарди и 700 милиони евра 50 милиони евра за оваа намена.

Навистина, навистина необјаснив феномен.

Кога пред неколку месеци дојде во Парламентот првиот закон со кој што се регулираше поголемиот дел од овој заем, 70 милиони евра заем од Светската банка, елементарната логика наложуваше и впрочем тоа беше раширеното мислење дека потребно е тој дел да се земе за да другиот дел во висина некаде од близу 40% да биде владино учество во проектот. Тоа ќе беше една нормална логика и логика која што ќе добиеше поддршка и од опозицијата. Меѓутоа, ваквиот став на Владата, 100% да се финансира оваа реконструкција со задолжување на Република Македонија е апсолутно неприфатливо.

Особено ако се земат и ако се споредат другите трошоци во буџетот (рекламите, договорните услуги) 480 милиони евра трошиме за договрни услуги. Никој не објаснува каде и како во долгата расправа што ја имавме за Буџетот.

Значи, користиме средства за 10 пати толку регионални и општински патишта да изградиме колку што е предвидено со овој заем.

Понатаму, буџетската расправа не даде елементарни одговори на следниве прашања. Земаме заем за општински и регионални патишта од 50 милиони евра, а истовремено истураме пари во едно јавно претпријатие комплетно непотребно. Во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор 17 милиони евра за Источна и Западна трибина. 2 милиони евра директни буџетски пари за изградба на трет кат на трговскиот центар. 20 милиони евра комплетно неправдани. Тука ако ги додадеме и оние што ги дадовме за Северната трибина навистина една комплетно неразбирлива политика.

Со парите од даночните обврзници се финансира едно јавно претпријатие да гради комерцијални објекти, слушаме директорот се фали дека ќе градел спа-центри со базени, куглани, трет кат на Градскиот трговски центар. Тоа ли е употреба на државните средства, а за општински и за регионални патишта ќе позајмуваме, ќе се задолжуваме. Никаква логика нема, особено нема логика во ваква криза освен ако ова јавно претпријатие со неговиот директор не служи за други операции на Владата. Навистина многу е чудно како само во ова јавно претприајтие и во омилените претпријатија од енергетското лоби се инвестираат толкави пари од Буџетот и покрај огромните критики и од политичката јавност и од стручната јавност. Очигледно е дека функционерите на Владата имаат некој посебен интерес кај овие две јавни претпријатија.

Значи, заклучокот е следен.

Почитувани граѓани на Република Македонија од вашите даноци ќе се гради трет кат на Трговскиот

центар, ќе се прават дуќани кои што потоа веројатно ќе бидат продавани на луѓе блиски на власта по повластени цени, ќе се градат спа-центри во источната, западната или северната трибина, а за општинските и за регионалните патишта ќе се задолжуваме. И тоа внимавајте, луѓето од Владата многу убаво си пресметале, грејс периодот е 4 години, значи нема отплата додека се они на власт, потоа кога ќе заминат од власта, од 2013 година тогаш гајле им е што ќе се случува.

Ова е основниот проблем на овој закон, меѓутоа има уште неколку работи кои што овој закон ги открива, ги става на виделина.

Со половината од овој заем се предвидени пари за општинските патишта  со едната половина грубо за регионалните патишта.

Повторно по кој знае кој пат се јавува тој несмасен владин патернализам и волонтаризам. По која логика Владата сега ја презема и улогата таа да ги менаџира општинските патишта. Па зошто ни се општините? Што е надлежност на општините ако не им даваме можност тука, на ова поле да се покажат, во градењето на општински патишта. Само да ве потсетам што стои во документот на Владата доставен пред неколку дена до Собранието, во фискалната стратегија.

Дека за 2008 година само 5,7% од расходите од бруто домашниот производ ќе се трошат преку општините. Европскиот просек драги колеги е 25-26%, а во Македонија само 5,7%.

И, она што е уште пострашно во таа фискална стратегија, за што мора да се отвори расправа бидејќи таа се прави за наредните четири години, ова учество на општините во јавните расправи опаѓа секоја година се помалку, така да во 2011 е предвидено да биде само 4,5% од бруто домашниот производ.

Па, каде одиме колеги? Во цела Европа се зголемува учеството на општинските расходи во вкупниот домашен производ, само во Македонија се намалува. Нема ниедна држава да најдете во Европа со ваков накараден буџет каде што 5% од бруто домашниот производ се троши само преку општините. Значи, се оди на целосно уништување на општините и на целосна зависност на општините и на целосно уценување од страна на Владата на општините.

Како што видовме во сите други програми најверојатно од овие 25 милиони евра општините што ги раководат опозиционите градоначалници ќе добијат нула евра. Тоа за жал го покажуваат извештаите од трошењето на низата програми на Владата.

И уште нешто што дознаваме драги пријатели од овој Предлог на закон. Дека нема ништо од најавените реформи во наплатата напатарината. Со законот Владата се обврзува кај кредиторот, кај ЕБОР дека со реформи во патарината ќе почне дури во 2012 година.

Драги колеги од ВМРО полни ви беа устите дека има криминал на патарините, направивте и една накарадна акција со "Змијско око" која што целосно ви ја вратија судските инстанци. И сега на целата таа реторика велите ништо нема да пипкаме кај патарините до 2012 година. Срамота колеги, се гледа во образложението на овој закон. Четири години ќе преспиете во тој дел, а дури од 2012 година ќе почнала реформата на патарините.

Значи, законот не е во ред по сите клучни основи и предлагам воопшто да не биде разгледан и усвоен на оваа седница. Благодарам.

**Јани Макрадули:** За реплика се јавени колешките Катерина Димевска и госпоѓа Силвана Бонева.

Госпоѓа Катерина Димевска, повелете за реплика.

**Катерина Димевска:** Потпретседателе би сакала во кратки црти една мала реплика на почитуваниот колега.

Имено, во делот на неговото излагање кажа дека овој предлог кој денеска го разгледуваме, кој што овозможува грејс-период од 4 години ќе треба да го враќа некој друг кој што ќе дојде на власт. Јас би сакала тука да го корегирам дека се надевам ВМРО ДПМНЕ целосно ќе го исплати ова задолжување, затоа што сигурно дека нема да бидеме уште 4 години на власт, туку многу повеќе со оглед на она што значи наше работење.

Друго, сакам една друга работа да потенцирам. Беше кажано дека јасно и недвосмислено средствата кои што се бараат се наменети исклучиво за изградба на инфраструктура која што ќе биде во делот на изградба на локални и на регионални патишта.

Значи, сакам да кажам дека од неговото излагање потенцира демек наводно со ваков предлог ќе се пристапело кон уништување на општините и зошто се граделе локални патишта.

Почитуван колега, цело време сме меѓу граѓаните со оглед на условите кои што ги имаме и можноста да оделиме еден слободен ден да бидеме во контакт со граѓаните и од тие контакти и од сите средби кои што ги оствaруваме со граѓаните видлив е револтот кај граѓаните за состојбата на патиштата во која што се наоѓаат општините во Република Македонија.

Значи, не за џабе се пристапило кон наменување дел од овие средства за изградба на локални патишта.

Инаку, што се однесува до вашата забелешка за тоа дали некои градоначалници кои што всушнот се од опозицијата ќе добијат средства не заборавајте дека начинот на кој што ќе се добиваат проектите од општините ќе подлежи на ревизија и ќе се утврди дали проектите кои што се приложени од општината ги исполнуваат условите. Значи, нема да има селективен пристап во тој дел.

Уште една работа, не заборавајте дека ние како парламент го донесовме Законот за рамномерен регионален развој. Значи нема исклучок на општините по ваква или таква припадност. Целта на оваа Влада, целта на раководството на Владата е инфраструктурата во Република Македонија како битен сегмент за развој на државата да се доведе во една нормална состојба, затоа што и вие и ние, сите ќе се согласиме дека нашата инфраструктура вклучително на регионалните и на локалните патишта е во катастрофална состојба. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

За контра реплика е јавен господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам на репликата почитувана колешке.

Се согласуваме дека мора да се инвестира во општинските патишта, меѓутоа прашањето што го поставувам е јасно - зошто не се инвестира од буџетските пари? Зошто се градат спа-и базен центри под источната и западната трибина? За кого се градат дуќаните на третиот кат на Градскиот трговски центар. Зошто тие пари не се вложат во општинските патишта? Зошто да не задолжувате? Тоа е прашањето, но за жал не дадовте одговор и вие како и претставниците на Владата.

Второ прашање, она што е многу битно и она што се подразбира од вашата реплика, имаше еден ваш почитуван колега господин Наумов кој што велеше дека ВМРО ќе биде 100 години на власт, вие сега ја игнорирате таа бројка, не се 100, но според тоа колку години ќе треба да се враќа кредитот, значи 20 години на власт.

Јас нема да го коментирам ова ваше залагање, ќе го третирам како ваша желба, меѓутоа ако продолжите со овие ваши политики тоа се разбира нема ни од далеку да се случи, затоа што нема ниту еден граѓанин во Република Македонија што ќе се согласи парите да се трошат на реклами, во изградба на дуќани комерцијални, а не на патишта.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

За реплика е јавена госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, почитуван колега,

Изненадена сум од некои ваши наводи во вашиот говор дека општините се ставаат со тоа во зависност од централната власт дека повторно централната власт е таа која што ќе троши пари, ќе ги троши парите од Европската банка за обнова и развој. Сакам да појаснам заради јавноста дека општините воопшто не се ставаат во зависност од централната власт.

Општините беа повикани уште во месец април сите да ги поднесат проектите до Владата на Република Македонија односно Министерството за транспорт и врски и врз основа на квалитетот на проекти се одобрува кои проекти ќе бидат одобрени кои не, кои ќе се финансираат, кои не.

Во рок од 6 месеци се јавија само 21 општина со свој проект. Значи, само 21 општина од сите општини што ги имаме во Република Македонија. Од тие 21 општина, бидејќи веќе не се работи за пари што ги дава Владата на Република Македонија, туку Европската банка, треба да помине уште еден филтер, проектот на општината а тоа е Градежниот факултет, што треба да даде согласност за проектот, дали е добро изработен или не и да се врати повторно, ако проектот не чини.

Тоа не значи дека се одбиваат општините, дали се од ВМРО ДПМНЕ, градоначалниците или од СДСМ, треба да направат добри проекти. Проекти што ќе ги прифати Светската банка, за кое што ќе гарантира институцијата како што е Градежниот факултет, за квалитетот на проектот.

Е сега, за да се дадат парите има регионален пристап давањето пари. Самиот факт што, на пример имаме 8 региони во државата, парите се делат на тие 8 региони, во нив градоначалниците треба да се ја гледаат својата работа и навреме да аплицираат за да не ги кочат другите општини во нивниот регион, а ја извршиле својата работа како што треба. Па сега и тие, за да ги добијат парите, мораат да ги чекаат другите градоначалници кои несовесно си ја вршат работата, не доставиле проекти или не изработиле квалитетни проекти и не може да се дадат парите на регионот бидејќи делењето на пари во овој проект има регионален пристап.

Воопшто не станува збор за никаква злоупотреба, за давање пари само на градоначалници кои се од парламентарното мнозинство, туку парите се предвидени за сите општини во Република Македонија, да им се помогне на сите градоначалници, на сите граѓани заради тоа што досега се покажа дека многу малку локални патишта беа направени на територијата на Република Македонија. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен г-динот Јован Манасијевски, повлете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитувана колешке Бонева на репликата. Меѓутоа, вие повторно не одговарате на клучното прашање или пак не се разбираме. Не знам во што е проблемот.

Фискален суверенитет на општините не им дозволувате. Трендовите се следни, во земјите во регионот и во Европската Унија, 25% од БДП се троши низ општините. Кај нас само 5,7%. И она што е уште пострашно, Владата преку фискалната стратегија ни кажува дека тој процент ќе се намалува. Значи, ние одиме спротивно од насоката каде одат сите Европски држави.

Тоа е нешто што треба да не загрижи. Токму она што треба уште повеќе да не загрижи е што и

овие средства, покрај средствата во Буџетот, сега и средствата од кредити се користат за уценување на општините, за партиска распределба. Погледнете ги сите програми што ги дели Владата, ќе видите како се делат тие пари.

На крајот пак се поставува прашањето зошто пари за реклами, за градење на дуќани во ГТЦ, а не за општински патишта. Должите одговор на тоа прашање.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Сега јас треба да земам збор.

Почитуван заменик министре за финансии, колешки и колеги пратеници,

Да се обидеме да ја поместиме тежината на дебатата и да се обидеме со извртување на тезите да најдеме оправдување за ова што денеска го имаме на дневен ред.

Денеска, на дневен ред имаме задолжување на Република Македонија и веројатно колешката Димеска Катерина направи фројдовска грешка кога рече дека ВМРО ДПМНЕ ќе ги враќа парите. За жал, јас знам дека ВМРО ДПМНЕ има многу пари. Ама, парите ќе ги враќаме сите ние, граѓаните на Република Македонија. И тоа 12 години ќе ги враќаат граѓаните на Република Македонија.

А тоа дека фамилијата околу премиерот има за да врати, во тоа не се сомневам, но тоа е фројдовска грешка, веројатно.

Би сакал да го замолам заменик министерот за финансии, можеби на Комисија го доставил тој список на патишта што се градат и овие што ги наведовте, ако може да се добие како материјал овде, бидејќи расправата ќе продолжи после 15,00 часот, би сакал да замолам. Исто времено да посочам три елементи од овој Предлог на закон.

Прво, сакам да го повикам министерот за транспорт и врски кој во ноември 2007 година ги изнесуваше овде што ќе се случи со наплатните системи и со наплатните станици на патиштата во Република Македонија во 2008 година. Зборуваше за тендер, за комапнија што ќе стопанисува, но од тоа нема ништо,

Тоа што мене ме загрижува и што Владата со овој 12- годишен договор или договор до 2023 година ги врзува рацете на сите други Влади да направат обид поинаку да го решат плаќањето на наплатните станици. А тоа е со или вградување при регистрацијата на возилата, или на влегувањето на границата и таму да се плати. Тој систем е многу поефикасен, подобар и секаде во Европа го има како подобро решение. Се намалува корупцијата, се намалува злоупотребата, побрз е протокот на возилата.

Затоа не гледам логика да Владата, со овој заем, бидејќи заемот е една работа, јас ќе зборувам за тоа после, после самата презема обврска да менува закони, да ја реформира Агенцијата за државни патишта и таа да ја определи до 2023 година како ќе оди системот на наплата на патарините во Република Македонија.

Ако е задолжување средства за патишта, тоа е една работа. Но, на страница 7 тоа можете да го видите во делот 3.01 што се треба да направиме во делот на реформирање на Агенцијата на државни патишта, на Македонија пат, да престане да постои, да се преземат работените дел, дел системот да ги преземе, одредена агенција и до 2023 година да одиме со еден ист концепт за наплата на патаринте, што според мене мислам дека е погрешен и се покажува дека е покоруптивен овој начин, поспоро е движењето. Тоа е барање и на луѓето кои доаѓаат од странство, бидејќи се знае точно, врз база на налепницата или врз база на тоа што ќе го добијат колку чини влезот во Република Македонија, врз база на тоа каде треба да излезе.

Вака, овде ни се врзуваат рацете со еден систем за наплата на патарини што според мене е погрешен.

Второ, тоа што недостасува од финансиски аспект, 10 милиони евра што дополнително Владата ќе ги потроши од Буџетот, плус овид 50 милиони, дали се тоа од Министерството за транспорт и врски или од некое друго минстерство. Треба да добиеме одговор за сите овие 10 милиони евра каде ќе дојдат.

Клучното прашање, клучната дилема, никој не вели дека не треба да се реконструираат патиштата, ама сметаме дека во Буџетот на Република Македонија има 50 милиони евра за таа намена. Нема потреба вашите деца, оние кои следат после нас да ги задолжуваме со кредит, затоа што во овој момент Владата има пари во Буџетот, 50 милиони евра.

480 милиони евра има за инвестиции, но има за Вила 1, Вила 2, зграда за Министерството за внатрешни работи, друг објект, г-динот Манасијевски зборуваше за Трговскиот центар, мебел, автомобили, за сето тоа има пари. Ние велиме тие пари да ги дадеме за патишта и она што сите го гледаме секој ден, тоа е како кампањите да престанат во Република Македонија.

Ме радува што овен Утрински весник, почнува и Дневник нешто да пишува за тоа. И другите медиуми. Замислете, има кампања за читање. Штом Владата тргнала таа кампања да ја прави, знае дека не читаат во Владата. Бидејќи тргна кампања за данок да зема за неженети и немажени, таму има најголем број неженети или немажени, глупости таква кампања. Туку, од сопствените редови, бидејќи тргна со таа кампања, тргна и за читањето, бидејќи не чита книги, вели ајде сега ќе читаат.

Или ова денеска, мислам дека е ова рекордна кампања, кампања за оптимизам и почитување на добрите вредности. Е, зошто на некој да му дадете 400 илјади евра минимум, само за ова а да не го правите патот кој сакате локален пат.

Зошто? Зошто да частите некого со 400 илјади за оваа кампања, зошто да частите некого за 5 спотови за промоција на Македонија? Или зошто граѓаните мислите дека поубав пат ќе имаат оти го видоа Букефал или Александар Македонски на “Ти си Македонија” или “Биди ти Македонија”. Или ова, најлицемерното, Владата се рекламира за слободен говор. Господ да чува и да брани.

Гледаме што се случува секојдневно по медиумите, очигледно откако отиде министерот за земјоделие и Ѕинго отиде со него, веројатно да доврши некое парче земја и сега Владата се промовира со нови, но ова бидејќи е колор, е сигурно повеќе од 400 илјади евра, се кладам, за слобода на говорот.

Има пари во Бујџетот, тоа го зборуваме. Требаат птишта, има пари во Буџетот, еве ги, 1.200.000 ги избројав сега само оваа недела. Не се враќам наназад. Во оваа недела има 1.200.000. Ајде да ги вложиме во патишта. Зошто вашите деца, нашите да плаќаат камати, да враќаат кредити за вакво задолжување. Тоа го направи парламентарното мнозинство 12,5 милиони, ја задолжи Македонија за спортски сали а изгради само 3. Се изградија. Во дел не се ни влезени. Сега 50 милиони евра нови пари. Кој ќе ги враќа тие пари?

Да не ја изместуваме тезата. Општински патишта да, регионални патишта да, автопат дај Боже ако може да го направиме целиот од Табановце до Гевгелија и кракот кон Битола преку Плетвар. Дај Боже тоа да го направиме. Ама, да го направиме со парите што веќе ги имаме во Буџетот, а да не ги даваме на глупи реклами што веројатно ни оние што треба да конкурираат на кампањата за оптимизам и почитување на добрите вредности не ни знаат што да напишат. Кој оптимизам кога 64% од граѓаните живеат тешко, според анкетата и сакаат да се иселат од земјава. Како ќе им го вратиме тој оптимизам? Со нова реклама?! Не. Оптимизмот ќе им го вратиме кога ќе им го изградиме патчето, улицата, регионалниот пат каде живее.

Затоа мислам дека тоа што Владата, ако има сила да го направи, ако не парламетнарното мнозинство, ова да не оди на второ читање. Македонија во овој момент нема потреба да се задолжи со 50 милиони евра, бидејќи тие пари ги има во Буџетот, но очигледно сака да ги потроши за друго. Благодарам.

За реплика е пријавена г-ѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателе.

Начелно се согласивте и вие и ние дека треба да се изврши интервенција и во локалите и во регионалните патишта.

Уште еднаш ќе потенцирам, Владата на Република Македонија прави сериозна инвестиција со изградба на локалните и регионалните патишта, затоа што тоа е основа за развој на државата. Согласни сте и вие и ние и Владата на Република Македонија инвестира во една голема инвестиција што значи иднина за државата.

Инаку ќе ве потсетам почитуван колега, делницата преку Плетвар, на Градско, што ја поминувам секој ден, ќе се согласиме сите, со тоа што се направи како зафат се создадоа многу поповолни услови и ја и сите граѓани на Република Македонија се чувствуваме многу побезбедни поминувајќи по оваа делница. Тоа посакувам да го почуствуваат сите граѓани на Република Македонија, тоа посакувам да го почувствуваат сите оние општини што направиле сериозни проекти, што се ревидирани и позитивно оценети, без разлика на која политичка партија припаѓа градоначалникот на таа општина. Се надевам оваа заложба што ја има Владата пред себе пред се ќе биде бенефит и за граѓаните и општините каде живеат граѓаните. Тоа е целта и тоа е намерата.

Се надевам дека вие, во вашето излагање, она што го кажавте, сигурно не ви пречи отчетот што Владата на Република Македонија го дава пред граѓаните за тоа што сработила и што има намера да сработи. А вие го третирате како некоја си кампања, ваква или таква.

Тоа е начин на работа на оваа Влада, тоа е отчетност на оваа Влада пред граѓаните на Република Македонија, така планира да работи и така ќе продолжи да работи. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Сосема на кратко, патот за кој што зборувавте се направи со буџетски средства. Значи, во буџетот има пари. Не зедовме кредит да го направиме тоа добро дело. Се согласувам со вас дека тоа е добро дело. Но го направивме со буџетски пари.

Каква врска има работата на Владата со Кампања за оптимизам и почитување на добрите вредности? Каква врска има отчетноста на Владата со пет спотови за промоција на Македонија? Каква врска има отчетноста на Владата со Букефал или со Александар Македонски? Тие ги гледаме на спотовите. Или, каква врска има отчетноста на Владата со Кампањата повеќе читање книги. Нема никаква врска. А, за слободата на говорот, да не зборувам и за тоа. Благодарам.

Пријавен за збор е господинот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани министри, почитувани пратеници,

Јас, на пример, многу полесно би се определил како ќе гласам ако овој предлог дојде после усвојувањето на буџетот. Ќе знаеме како сме ги разрешиле дилемите во буџетот и тогаш ќе ни биде полесно да се определиме дали ни е воопшто потребен овој закон и дали треба да го донесеме.

Со право сега дискутантите укажуваат дека со еден ваков препад што денеска се прави со законов за задолжување се прејудицира одлуката за буџетот и неговата структура. Бидејќи во расправите на Комисијата имаше многу предлози што во буџетот да се уреди и на поинаков начин, па и за патиштата.

Затоа мислам дека многу сериозно овие предупредувања што ги дадоа господата мои пред мене, треба да се сфатат, бидејќи ништо нема страшно да се случи ако за овој закон расправаме некаде на 10 или на 15 јануари, ако има потреба за оваа работа, откако ќе кажеме, ќе видиме дали овие 50 милиони евра не сме во состојба да ги обезбедиме со буџетската политика или пак сме ги обезбедиле. Може некој од аргументите што сега се истакнуваат ќе биде и усвоен.

Инаку, морам да ви кажам, не може да се оправда оваа кампања, силовита, тајкунска кампања на Владата со отчет. Ако е работата за отчет и ако треба силни кампањи за отчет, во буџетот треба точно да стои сума што ќе се потроши за таа цел. Таа да биде на располагање, околу 60% спотови да сними Владата, а 40% опозицијата. Да може таа да каже како гледа на отчетот и на тоа што се случува.

Без таков приод, ова е еднострана кампања, чисто партиска кампања. Заслепување на луѓето. Тука нема ништо отчет. Не станува збор за отчет. Тоа го нема никаде. Во ниту една демократска земја го нема тоа кампањата да си ја води само Владата. Опозицијата да нема можност од буџетот да зема за истата цел, за кампања. Тоа е невозможно. Никаде го нема тоа. Каков политички дијалог мислиме да има во земјата ако тоа е така, ако се издоктринира народот секој ден со 5-6 спота, по 2-3 минути, на државен трошок, од сите граѓани што плаќаат. И оние кои се за оваа Влада и оние кои се за опозицијата. Да не може да излезе ниту еден спот од истите тие средства што би ги инспирирале, испланирале и би ги порачала опозицијата. Како е можно тоа? Како да не се знае колку се троши. Тоа не е возможно. Тоа го нема никаде.

Мора да се знае точно што е тоа што отчетува и со кога отчетува Владата и со колку пари го отчетува. За тоа е потребен посебен отчет. Тоа е што се однесува за отчетот и кај се трошат парите. Можеби има навистина 50 милиони евра кои можат да послужат токму за оваа цел да се оствари оваа цел, оваа програма од 120 милиони каде 70 милиони се веќе дадени за друга цел од друг извор од Светска банка.

Кога би бил убеден дека не може од други извори и дека буџетот не е во состојба тоа да го направи јас би гласал за овој закон од следната причина.

Прво, да се оствари оваа програма за изградба на патишта.

Второ, сакам да обезбедиме за идниот период прилив од 120 милиони, не само 70, туку 120 милиони евра девизни сметки, бидејќи прилив многу тешко ќе оствaруваме особено не со оваа камата која овде во законот постои заради тоа што ние ќе имаме многу големи потреби од девизи и не ќе можеме да оствариме на финансискиот пазар оти сме слаба економија и тешко ќе бидем погодени, многу ќе ни се влошат перформансите. Треба сериозно да се загрижиме за тоа. Ваков прилив по овие услови не ќе можеме да ги добиеме да ги измируваме дефицитите на нашата надворешна тековна сметка затоа што сите работи што денеска ги покажува прикрива сакале или не двомесечни потреби на плаќање заради тоа што сметките од увозот доаѓаат после два месеци. Се измируваат обрвските најмалку за 60 дена, а некои за 75 дена.

Реалната состојба што е на сметката ќе ја имаме по изесно време, треба да има проценка каква е, нам ќе ни треба девизи, ќе ни требаат да ја одржиме инвестиционата активност ако не можеме од буџетот. Ако не можеме да направиме заради слабоста на буџетот, а не заради погрешната ориентација на средствата од буџетот. Нам може да ни се случи овој буџет кој е сега во постапка кај нас ни од далеку да не можеме да го оствариме. Ние не знаеме што ќе ни се случи, само знаеме дека ќе биде многу полошо отколку предвидуваат нашите предлагачи и можеби ќе нема пари тогаш да градиме ни во буџетот, реално ќе нема пари ако реално ги оцениме работите. Тогаш ќе ни биде добредојден овој закон да можеме да го донесеме овие пари да ги повлечеме и да има накоја инвестициона активност да работат малку нашите претпријатија, одреден број работници да земаат плата и да се направат тие патишта. Меѓутоа, тоа сака чиста сметка, чист увид, јасен увид што станува со буџетот.

Според тоа, мислам денеска да не гласаме по овој закон, да ја одложиме расправата, по донесувањето на буџетот и што сме утврдиле со буџетот, што сме сознале, а морам да ви кажам дека резултатите ќе дојдат наскоро и за индустриското производсвто за ноември, ќе ни дојдат резултати за состојбата на платниот биланс, на трговскиот дефицит ќе видите што ќе значи кога и ноември ќе го пресметаме. Во просек имаме за 10 месеци 2,5 милијарди долари дефицит. Ноември и декември ќе бидат по 300 минимум, ќе бидат 600, од причина што кумулативно ќе се искажат сите ефекти на девизен план и во индустриското производство, но особено во трговскиот дефицит. Сега цели два месеци лоши се цените на сите метали и се она што извезуваме, а нема некоја битна компензација на спротивната страна кај увозот. Главниот увоз на нафта сме го направиле и сме се задолжиле да ја платиме по цени кои тогаш важеле, се разбира.

Затоа велам најдобро намерно за да почнеме да се разбираме и со добра волја сите да бидеме по вакво крупно прашање да не се изјаснува

Парламентот, да не одиме до заклучување, да не го затвориме ова прво читање, да го донесеме буџетот и да видиме што ни се случува со буџетот, па да знаеме да не отпаѓа, јас не би го отфрлил овој закон оти не знаеме што ќе ни се случи не само со буџетот, туку и со економијата до Нова година, можеби тогаш ќе ни затреба. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски**: Благодарам потпретседателе.

Се согласувам со вас откако со измената на Деловникот се споман зборот “читање” во фазите, веројатно е таа кампања за читање и тоа е уште една добра перална на пари од оваа Влада. Денеска имаме еден контретен чин на екстремно лоша  и контрапродуктивна политика во делот на економијата.

Во кој амбиент македонската Влада се задолжува, во амбиент во кој во светот пустоши светската, премиерот ќе рече финансиска, јас ќе речам економска криза, бидејќи е малку поширока од тоа што тој ги има разбрано. Таа криза во овој момент во Република Македонија се одразува, но клучниот удар ќе го доживееме од прилика средината на следната година. Жалам што не тука министерот за финансии Трајко Славески кој очигледно избега денеска да дојде за да се соочи уште еднаш со пратениците, веројатно е на некој пазар во ова време за да види колку се зголемени цените на сите производи без притоа да даде одговор што во таа смисла прави Владата.

Паметна држава на паметен начин ги собира парите, но на уште попаметен начин ги троши парите. Тоа е целта на буџетот. Во Република Македонија, за жал, сеуште клучниот играч на полето на економијата е Владата. Здравје Боже ќе има времиња кога приватниот сектор ќе биде доминантен, но сеуште сме далеку од таа фаза.

Според тоа, многу е битно Владата на кој начин ги собира парите и на кој начин ги троши, дури е побитно на кој начин ги троши парите. Владата на ВМРО ДПМНЕ во континуитет се покажа дека е одличен собирач на парите. Безмилосно ги собира по сите основни, зголемени даноци, зголемени давачки, денеска граѓаните и фирмите плаќаат повеќе пари по основ на даноци, денеска полицијата, ако забележавте во изминатиот месец и половина на секое ќоше во градовите и на автопатите стои и казнува од секого по 300 евра. Тоа има некоја логика за да го наполни буџетот за следната година. Денеска за фрлање мастика дури во корпа ќе ви земат 50 евра и на тој начин Владата на ВМРО ДПМНЕ ги собира парите и го полни буџетот. Но, кога ќе дојдеме во делот  на трошењето, ќе дадам само неколку примери на трошење на пари на граѓаните.

Пример број еден:

Директорката на Пулмологија која пари од буџетот, од граѓаните си ги дели за себе и си зема 3000 евра и другите ги дели како да е Дедо мраз. Тоа е кадар на ВМРО ДПМНЕ. Таа е сега под заштита на Влатко Ѓорчев кој не е тука. Истата директорка си поделила пари како да се нејзина лична своина.

Пример број два:

Велите сакате да обновувате патна инфраструктура, никој нема проблем, во ред, ама во исто време за споменици од бронза или од метал на Општина Центар и се префрлаат 8 милиони евра од Министерството за култура. 8 милиони евра за да изгради 8 споменика, за да го постави некаде по парковите, ќе скапуваат под забот на времето , а ќе се потрошат 8 милиони евра. Од злато ли се прават овие споменици или од платина? Поскап метал кој се употребува за специјални намени. 8 милиони евра се даваат за 10 споменика, тоа се пари на граѓаните и Владата ќе рече јас сакам да правам патишта. Не сакате да правите патишта, вие сакате да ги исперете парите и споменици кои можеби ќе чинат милион евра вие ќе ги наплатите 8, а 7 милиони во џеб. Тоа е бизнисот на оваа Влада.

Пример број три:

Владата се задолжи веќе, пратениците од опозицијата гласаа против, за десет милиони евра за изградба на спортски сали. Спортска сала не е пат. Кажете ми во едно населено место или град, прочита заменикот министер кој апсолутно немам потреба да го прозивам, бидејќи веројатно не учествувал во носење на оваа одлука, спомнуваше многу населени места, па ме интересира во Радовиш, бидејќи таму дополнително се оштетени регионалните патишта Радовиш-Конче, Виница, дали повеќе им вреди спортска сала отколку пат. Владата се задолжи 10 милиони евра за изградба на спортски сали кои прво нема да ги видиме веројатно, а и да ги видиме во тотал ќе чинат околу 2 милиони, а ќе завршат 8 милиони, по примерот на 1998-2002 година на таа Влада.

Пример број четири:

За реклами по овие проценки што се спомнуваат ќе се потрошат 40 милиони евра. Вие почитувани колеги од Владата  веќе сте ги изеле овие патишта. 40 милиони евра сте дале во ветер, бидејќи рекламата е ветер или таа оди во етер. Наместо патишта вие сте потрошиле 40 милиони евра пари на граѓаните за реклами и тоа екстремно, да бидам народски, глупи и криминални, за читање, за добра волја, за пуштање на солза, некои работи да ги гледа нормален човек ќе се разболи и ќе го направите ненормален.

Пример број пет:

Буџетот за следната година предвидува да чини 2. 700.000 000 евра. Минатата година ова време декември месец усвоивме буџет со 2.200.000 000, тогаш рековме тоа е најголемиот буџет до сега, ама, за жал , се излажавме. Следната година ни предлагате буџет од 2.700.000 000 или  во превод 500 000 000 евра повеќе од лани. Во меѓувреме го зголемивте на рати со ребалансот, но во целина

за една година буџетот ќе го зголемите 500 милиони евра. Тиа 500 милиони евра се десет пати повеќе овој заем. Замениче, пренесете му на вашиот колега министер за финансии дека ако сакал да прави патишта во Република Македонија не мора да зајмува 50 милиони евра, има 500 милиони евра зголемување, може десет пати повеќе од тоа шт планирал да се направи во оваа држава, ама тоа не го прави.

Значи, сте земале, сте изградиле, сте присобрале, како сакате кажете, 500 милиони евра, не 5, не 50, 500 милиони евра повеќе за следната година. Со 500 милиони евра господа може да се направи од Табановце до Богородица два пати целиот автопат и да има од делницата Демир Капија-Смоквица од двете страни автопат, тој што го нема сега, може да се направи автопат со 4 ленти од Велес до Струмица, може да се прошири патот од Кичево до Охрид како најоптоварени патишта. Вие тоа не го правите. Вие трошите пари на реклами, на договори на дела и пак ќе речам не 5, не 50,туку 500 милиони евра и згора на се велите правите голем успех ако се задолжите 50 милиони евра, па секој денеска може да се задолжи. Каде треба памет за тоа? Паметна држава паметно ги искористува своите финансиски ресурси ама по најниска цена. Значи, вие имате на располагање 500 милиони евра без каматен кредит. 500 милиони евра што не чинат ништо, нула денари камата, бидејќи сте ги земале од граѓаните, а сакате да ви дадеме подршка за 50 милиони евра за камата која ќе биде променлива, нормално, такви се стандардите и износот на каматата да го платат идните генерации граѓани, вас тогаш нема да ве боли глава бидејќи нема да бидете на власт, впрочем така правеше Никола Груевски до 2002 година како министер за финансии. Задолжи се надвор, па друг нека му ја мисли кога ќе дојде.

Ова што го говореше колегата Андов јас се плашам дека не го разбирате. 2,5 милијарди долари трговски дефицит, не зборуваме за платниот кој драстично се зголемува е опасност која ќе ве натера следната година не само да го кратите буџетот за кој ќе немате пари и ќе отпуштате од партиската армија што ја вработувате со договори за дела, туку вие ќе земате кредити за да го подржите платниот биланс што е најскапиот начин на финасирање на дефицитот и тоа ќе ви се случува, ама кој разбира, кој не разбира, караванот си врви, парите некаде одат и тие отприлика знаеме каде завршуваат за тоа некој кривично ќе одговара во некои други времиња, не сега. Ви сте сега заштитени како мечките во Националниот парк “Маврово”, но во таа ситуација сакам уште еднаш да кажам вакви лоши потези може да прави само неодговорна, расипничка и Влада која што ниту го цени денарот на граѓаните, уште повеќе сака да го врати земениот денар кај граѓаните, туку сака единствено да го задржи за себе. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам. Ќе завршиме и со репликите.

Господинот Пејковски Живко, повелете.

**Живко Пејковски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван господине Ивановски.

Потребата ваша и на вашата пратеничка група јас потполно ја сфаќам и ја разбирам. Меѓутоа, обично за некои работи кои што не сме ги направиле во животот, понекогаш ни текнува, меѓутоа не сме ги направиле заради немање на политички сенс за тие што се занимаваме со политика, заради немање на култура или заради немање на дисциплина. За тие работи тоа што не сме го направиле ни текнува одвреме навреме. Меѓутоа, знаете кога ни текнува? Кога другите ќе почнат нешто да прават. Поминете на Плетвар, видете го автопатот ќе видите чие дело е.

Вие почитувани колеги, ако бевте експедитивни, чесни, работливи, ако бевте реални за потребите на народот тогаш ќе седевте овде во средината немаше од таа страна да седите. Ако не ги потценувавте сите категории на граѓани во Република Македонија пензионери, стечајци, ученици, нивни професори, земјоделци, не ги чепкам, бидете сигурни не ги чепкам, тогаш мислам дека ќе бевте нешто повеќе. Сега кога сте опозиција, сега ви текнува многу добро за некои работи што сте ги пропуштиле, ви текнува за стечајците, за наставниците, за професорите за сите категории во оваа држава сега ви текнува, во најмала мерка најлесно е во една држава кога одредени категории на граѓани бидат незадоволни некои лесно да се прикачи на нив и да кажува некои работи што тој не ги направил за тие категории на граѓани.

Меѓутоа, многу убаво знаат граѓаните на Република Македонија дека кога сте власт никој не ви треба. Кога сте опозиција тогаш сите ви се потребни, други да ви ја завршат работата, да се вратите повторно на власт, да заборавите од каде дојдовте, меѓутоа, чим лесно некој заборава повторно се враќа во опозиција, почитуван господине Ивановски. Ви благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Пејковски.

За контра реплика е јавен господинот Ивановски Игор, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине Пејковски, вие веројатно сте нов во ВМРО-ДПМНЕ ама без разлика ќе ве потсетам на неколку правци.

Автопатот Скопје - Тетово е направен во време на СДСМ, Автопатот Тетово - Гостивар во времето на СДСМ, главните делници на Автопатот Е-75 направени во време на владите на СДСМ. Кажете ми еден пат каде што направила некоја влада на ВМРО-ДПМНЕ и ќе ви признаам. Нема. Дури господине Пејковски, бидејќи сте од Демир Хисар и во Зашле го направивме патот кој што го поминуваат неколку коли на ден. И во Демир Хисар нема пат кој што не е направен од Владата

на СДСМ. Е, тоа го правеле владите на СДСМ, а вие како експонент на сега владеачкото мнозинство веројатно ќе се присетите кога директорувавте со една фарма за живинарство истата ја пропаднавте. Е, сега тоа е разликата меѓу нас. Ние не се рекламираме, ама тоа што ќе го фатиме е направено. И останува. И ден денес го возите патот што е направен од претходниот период. Немате една лопата асфалт фрлено. Вие кога нешто фаќате, се пропаѓа. Благодарам.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата за пауза за ручек.

Продолжуваме во 15,10 часот.

(Седницата прекина во 14,10 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,14 часот)

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Стојче Крстевски.

**Стојче Крстевски:** Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, почитуван министер.

Пред нас е Предлог законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа. По задолжувањето кај Светската банка во висина од 70 милиони евра, ова е второ задолжување овој пат со 50 милиони евра кај Европската банка за обнова и развој, со цел да се заокружи проектот за подобрување на постојаната регионална и локална патна мрежа.

Доаѓам од рурална општина во која и регионалната и локалната патна мрежа се во катастрофална состојба. Јавното сообраќајно претпријатие постојано се заканува дека ќе го прекине превозот поради големата амортизација на возилата, односно автобусите. Граѓаните возачи се револтирани што мораат да возат по лоши патишта, да ги оштетуваат своите возила, а притоа коректно си ги плаќаат своите обврски кон државата со регистрирање на истите. Ако на сето ова се додадат и зимските услови и невозможноста од зимско одржување, станува повеќе од јасно дека предлогот на Владата за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа за подобрување на состојбата во која се наоѓаат истите е во вистинска насока и е за поздравување.

Лично сметам дека ова е уште еден проект на Владата со кој ќе им овозможи на сите граѓани побрза и поудобна сообраќајна комуникација, се разбира со помали трошоци.

Овој проект е и во насока на рамномерен регионален развој на Република Македонија. Оттаму ја има мојата обезбедена подршка. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке.

Мислам дека постапуваме како институција Собрание на Република Македонија многу неодговорно, пет, шест души овде одлучуваме, нашите идни генерации да бидат приморани да го плаќаат долгот на она што се вика аминување, а тоа би го направиле денес доколку би дале зелено светло на овој закон, аминување на една многу неодговорна, многу несовесна политика на задолжување во моментот кога реално во Буџетот на Република Македонија постојат овие пари. Знаете кога беа моите деца мали претшколска возраст на прашање што би правеле кога би ви ја дала платата без секунда помисла велеа ќе си купиме играчки. Па потоа долго ги убедував дека прво одговорно е да се обезбедат средства за храна, за облека, да се платат комуналиите и тие тоа го разбираа. И дефакто таква политика води оваа Влада. Ќе се соберат енормно многу пари, ама ќе бидат искористени за игрании на она што се вика неодговорно трошење на средствата на граѓаните на Република Македонија, без притоа да се подзамислат дека во Република Македонија граѓаните живеат на работ на издржливост. Животниот стандард опаѓа. Прекумерното трошење на непродуктивни игрании дозволете со толку силен збор да наречам игрании како што се рекламирање, изградба на голф терени, изградба на ски-лифтови, каскади, северни, западни, јужни, југозападни, какви не трибини и се разбира на секој чекор некој споменик е неодговорно и ве молам почитувани колеги да не дебатираме зошто не треба да се задолжиме со нови 50 милиони денари. 120 милиони евра на 4 јули веќе изгласавме закон за задолжување од 70 милиони евра, ама кај Светска банка пак за патишта. Сега овие се нови 50 милиони. Периодот за кој ќе ги плаќаме почнува од утре бидејќи иако стои грејс период, во тој грејс период ќе се плаќаат камати, дебели камати. А последната рата би ја платиле идните генерации дури далечната 2028 година. Тоа е вистината. И тоа се вика неодговорна политика економска. И јас апсолутно го разбирам отсуството на најповиканиот, господинот Славески. И знам дека многу му е тешко, од една страна да е еминентен стручнак, доктор по економски науки, а во исто време да мора да биде партиски војник кој ќе става потпис на неодоговорно однесување на Владата на Груевски, знам дека му е тешко. Ама најмалку што може да направи е, не да го пушта господинот заменик министер со една насока да одмолчи на секое прашање, да не одговори на ниту една дилема бидејќи ова не се брани. Зошто? Ќе ви кажам. Го цитирам господинот Славески на 30 октомври 2008 година кога не убедуваше дека треба да направиме пренамена на средствата за буџетски корисници. Зошто? Бидејќи останале вишок пари. И цитирам како го правдаше, од каде е тоа нереализирани проекти, цитирам, господинот Славески вели: “тука би истакнал дека има потфрлање во реализацијата на дел од средствата како кај Агенцијата за државни патишта каде што во текот на оваа година има три

неуспешни тендери". И во 2009 година тешките милијарди на ставката 66001 Агенција за државни патишта ќе ја доживеат истата судбина. Ќе излезе Славески на крајот на годината и ќе каже, пат пропаднаа сите тендери, патишта нема, овие средства ќе и ги дадеме или на Дирекцијата на Агенцијата за разузнавање, или на Гордана Јанкулоска, да може да ги троши, а да не одговара, нетранспарентно, тешки милиони евра. Ама пат нема да видиме. Оваа Влада нема намера ниту да вложува инвестиции во енергетски сектор, а најмалку од се има намера да ја подобрува патната инфраструктура и тоа е јасно. И тоа не е од вчера, тоа трае три години. Она што се менува само е износот од кој се земаат буквално со цела сила средствата од џебовите на граѓаните, преку даночната политика, која иако можете да напишете уште сто спотови да промовирате, дека сме земја со најниски даноци. Фактите говорат дека апсолутно даночното оптоварување е зголемено. Пропорционално секоја година се повеќе и повеќе и се појасна е изразената намера на оваа Влада да ја зајакнува она што се вика санкциона политика. Има да се глоби се живо и диво. Ќар има само Буџетот на Република Македонија. Ќар има и тоа се прави само за да се задржи комоцијата на државниот апарат, власта. И ќе си градат споменици исто како децата ќе си купуваат шарени лаги бомбони. Тие ќе живеат убаво, ама секој граѓанин на оваа земја ќе живее се потешко и потешко и ќе се соочува дека три години со ред пропуштаме шанса, а пари сме имале и без да се задолжуваме и без тоа да оди на товар, на грбот на нашите идни генерации, а притоа да немаме ефективна реализација. И говоревме кога го аминувавте почитувани колеги од владеачкото мнозинство заемот за спортските сали. 15 милиони евра, само 3 сали се изградени. Фијаско доживуваат сите овие проекти бидејќи нема реална намера тоа да се направи. И никој не може овде со аргумент да каже зошто е попаметно да влегуваме со кредити за овие проекти кога и онака секоја година со ред остануваат средства заради нереализирани проекти во капитални расходи. Нема патишта, нема подобрување на инфраструктурата, а тоа значи нема економски развој, нема шанса да створиме подобри услови за отварање на нови работни места. Рак раната на Република Македонија, неспособност да отвораме нови работни места, бидејќи не сакаме. Оваа Влада е заложник на бројките преку кои се труди да го одржи вештачки својот рејтинг. И тој е вештачки, тоа е една општа хипноза и вие на крилата на самозадоволството. Го гледам почитуваниот млад колега си мирца на интернет и се смее. И само со едно нема да се согласам со моите колеги. Во напливот на сите овие нови кампањи ја почитувам само оваа последната, за промовирање на читањето. Јас навистина се залагам овој народ треба да чита, веќе ве чита. Се надевам дека ќе бидете апсолутно прочитани до крајот на март, ама цената е превисока. Премногу задолжување. Идните генерации ќе не прашуваат, со кое право ја задолжувавте Република Македонија за проекти кои и онака не сакавте да ги реализирате. Внимавајте овие средства ќе легнат на Агенцијата за државни патишта која покажа дека тендерите и пропаѓаат. И малку им се десетина милијарди денари кои и онака се обезбедени за пропаднати тендери, сега нови 50 милиони евра ќе добијат како финансиска инекција за повторно да финансираме во она што се вика, дозволете отворено да се сомневам во намерно пропаднати тендери. Тоа ни се случува и во енергетиката и во инфраструктурата. Нема да ја добиете подршката за вашата неодговорност околу трошењето на буџетските средства од ниту еден пратеник од СДСМ. Носете си го почитувани колеги од владеачкото мнозинство товарот на одлучување, бидејќи утре вашите колеги, вашите сопартијци од извршната власт ќе ви кажат, па ние предлагавме закони, токму вие ги гласавте. И вие ќе мора со тоа да живеете.

**Светлана Јакимовска:** Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке,

Очигледно е дека многу интерес побудува оваа точка и нормално е дека ќе побудува интерес особено кај пратениците од опозцијата затоа што времето во кое што живееме навистина е многу неизвесно, особено ова време кога цел свет е зафатен со светска економска криза и каде што веќе државите ги стегаат каишите на сите страни, преземаат разни мерки и средства за рестрикција во трошењето на јавните средства и секако во задолжувањето. Република Македонија донесува закон во ова Собрание на предлог на Владата за повторно и ново задолжување.

Мислам дека она што го покрена како прашање господинот Андов на кое што сакав и јас да се осврнам во мојот говор е многу важно. Во предвечерието, или неколку дена пред донесување на Буџетот во Собранието, или во момент кога сеуште траеше расправата по телата околу Буџетот, Владата ни нуди ново средство за трошење на пари, ама пари сега од заем. Не случајно пратеничката група на СДСМ поднесе на Буџетот бројни амандмани. Со овие амандмани сакавме да укажеме дека овој Буџет прво пред се е многу голем и дека не е реален на очекувањата. Сметаме дека да се проектира за 2009 година 2 милијарди и 800 милиони евра Буџет за Република Македонија, тоа значи соголување во 2009 година на сите даночни обврзници. Затоа што не треба човек многу да биде економист и да претпостави од каде ќе се полни овој Буџет, на кој начин ќе се полни овој Буџет. Ако излезете низ град и го прашате еснафот, ќе ви каже дека се во Република Македонија е мртво и се стои. Значи, ние сметавме дека олкав Буџет не е потребен и ако не е потребен, или ако веќе сме проектирале толкав Буџет, сметавме дека поинаку треба да ги

алоцираме средствата и дека треба овие средства наместо за оние намени за кои што говореа моите колеги, кои што се непродуктивни, да се трошат точно, еве како што е овој проект за изградба на општинска или регионална патна мрежа, но не од заеми, не од повторни задолжувања на Република Македонија, туку од Буџетот на Република Македонија. Зошто? Затоа што сметам, иако не сум економист дека со Буџетот на Република Македонија Владата и ова парламентарно мнозинство ги соголува до коски родителите, нас родителите кои што стопанисуваме и придонесуваме, а со овој Закон за задолжување практично ги задолжува и нашите деца. И сето ова не е во интерес на Република Македонија, туку сето ова е во интерес само на владеачката гарнитура, за да покаже дека ќе биде носител на разни проекти, а во исто време ќе пере и ќе троши пари по разни намени и по разни основи за кое што ниту јавноста на Република Македонија, ниту опозицијата па најмалку ќе добие одговор на прашањето, зошто се трошат вака парите и колку чинат овие непродуктивни кампањи кои што за жал, еве читам од медиумите веќе има уште неколку нови кампањи.

Јас само би сакала да направам еден пластичен пример, на што ми наликува оваа Влада со овие проекти? Ми наликува на едно, ќе земам просечно да речеме земјоделско семејство кое што главата на фамилијата ги отепува сите членови на семејството од работа во текот на годината, од работа на своето стопанство, земјоделско стопанство, да речеме преработка на тутун, на пиперки и на незнам што за да извади некој денар повеќе и после таткото на семејството одлучува да се слика со тие пари што ќе ги спечали, да се слика и да се презентира самиот себеси колку е успешен. И сите тие пари што семејството ги спечалило од годишното стопанисување ги потроши на сликање и после таткото на семејството решава дека треба да се задолжи за повторно да го обнови своето производство. Простете, за ваква работа никогаш опозицијата нема да ви даде согласност и затоа нема да гласа за овој закон за задолжување.

Само сакам за јавноста да кажам, дека многу е важно Република Македонија да има добра патна мрежа, не само општинска, не само регионална, туку и онаа која што поврзува магистрални патишта да има. Меѓутоа ние сметаме дека не е потребно во овие ситуации, во овие услови Република Македонија да се задолжува, туку можеме истата цел да ја постигнеме и со средствата со правилна алокација на средствата кои што се предвидени од Буџетот за 2009 година. Тоа сакаме да го испорачаме и на ова мнозинство. Тие се нашите аргументи со кои што денеска настојуваме да ве убедиме и дека Република Македонија навистина не може да поднесе уште еден волкав голем заем.

Околу прашањето за трошењето и отчетноста на Владата, околу трошењето на јавниот денар, јас му се заблагодарувам на господинот Стојан Андов што го отвори ова прашање и јас на едно од матичните тела, од работните тела кажав вака, реков дека Владата се слика и со мои пари, но никогаш не ме прашала и не ме повикала и јас да се сликам на тие спотови и да кажам што мислам, затоа што дел од тие пари кои што ги троши за кампањите се и мои пари. Јас сакам да се сликам и да покажам што јас правам како опозиција, или што е она со што не се согласувам како опозиција во трошењето на пари. Затоа можеби добро е да го отвориме тука и прашањето не само за таква глува отчетност на Владата преку нејзините кампањи за промоција туку овде Владата да се отчетува, а не преку плаќање на скапи спотови, на скапи минути по електронските медиуми, туку овде во Собранието на Република Македонија и овде во Собранието пред очите на јавноста да ги покажува своите резултати.

Инаку или во спротивно сето ова е за мене, а секако веќе медиумите се повеќе стануваат свесни, а граѓаните исто така, дека ова е само еден начин и тоа многу суров начин, на безочно трошење на јавни пари, пари од грбот на најсиромашните граѓани на Република Македонија.

Во врска со проектите кои што ги спомна мојата колешка во една реплика мојата колешка Силвана Бонева, дека овие проекти или парите од овие заеми, од овие проекти како од Светска банка, така и од Европска банка се делеле врз основа на квалитетот и врз основа на квалитетот и врз основа на пријавите или проектите на општините кои што ги поднесле. Јас не знам за другите општини, јас би сакала да кажам за мојата општина. Од информациите кои што ги имам од мојата општина, општина Струмица уште во април месец благовремено аплицирала со два проекти. Еден е за изградба на патот Попчево - Струмица и другиот проект е за изградба на патот Муртино- Струмица бидејки во огласот за изготвување или пријавувања со барања за проектов, не биле точно утврдени условите, или не било утврдено како услов да биде проектот изработен дигитално, ова го искористува оној кој што дели секако политиката овие проекти, бидејки во општината Струмица е градоначалник од редовите на опозицијата, се враќаат овие проекти да се доработат. Овие проекти не можат да бидат во целост вратени, ќе ги доработи општина Струмица, но што е поентата со ова враќање нивно. Поентата е што пет пати Владата ќе се рекламира дека прави нешто со истите пари и со истите проекти, дека одобрила и дека ги одобрува.

И уште нешто сакам да им кажам на моите колеги кои што се пратеници од Струмица, дека по овие проекти на општина Струмица, а секако се задолжуваме сите подеднакво и ги враќаме сите како граѓани подеднакво овие пари за кои што се задолжуваме, добива само 613 илјади евра, а

според пропозициите кои што се пропишани за користење на ваквите средства од овие проекти кои што се во соодност со бројот на жители, на општина Струмица треба да следуваат 2,5 милиони евра. Еве каков е односот на Владата кон општините или единиците на локална самоуправа кои што ги водат градоначалници од редовите на опозиција, и еве колку се делат овие пари по овие проекти врз основа на како што кажам мојата колешка квалитет. Не. Овие пари се делат врз основа на политичка припадност и уште да појаснам. Овие проекти требаше да отпочнат некаде во мај оваа година, значи Владата се фалеше со овој проект или овие проекти претходната година. Бидејки од само за Владата познати причини не е отпочнато со реализација на проективе во мај месец, значи повторносо истите овие пердуви Владата ќе се кити и наредната година, и пред локалните избори, и пред претседателските избори, значи сето ова е создавање фатаморгана пред очите на граѓаните, меѓутоа, се што е нереално може да го залажувате човек, година, две, но еден ден ќе стане свесен граѓанинот, ќе стане свесен дека сите овие работи се прават на негов товар, ќе стане свесен дека двојно гооголувате, еднаш со Буџетот, а втор пат со огромните заеми кои еве сега, во името на Република Македонија, ова парламентарно мнозинство ќе ги подржи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Репика има господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Редовно имам дилема после дискусија на одредени коелги пратеници од СДСМ дали да се јавам за реплика или да оставамда тече дискусијата побрзо. Меѓутоа, кога сме прозвани како пратеници или како владеачко мнозинство, а при тоа се кажуваат невистини, навистина не псотои начин да се премолчат одредени моменти.

Прво, распоредот на средствата по општини се дели по прецизна формула по која според бројот на население се замаат во предвид бројот на населени места, се зема предвид должината на патната инфраструктура, бројот на жители по секое село и нивото на развој. Таа формула важи за сите општини подеднакво и таа формула ги дели средствата за овие рпоекти подеднакво за сите општини без разлика дали станува збор за градоначалник од СДСМ, од ВМРО-ДПМНЕ, ЛДП, ДУИ и т.н. Тоа што одредени општини не си ги завршиле обврските да поднесат на време проекти, тоа е веќе друга тема за дискусија.

Втора работа: заборавате дека оваа Влада врати огромни средства над 300 милиони предвремено, ги исплати долговите кои ги наследивме од старата држава Југославија. Тоа што деновиве некои ваши колеги се обидоа да протурат во јавноста еден податок дека каматата по која што сега се задолжуваме е поголема од таа камата е груба невистина, е лага. Значи каматата по која се исплатени тие долгови,односно каматата која што ќе требаше да ја плаќаме беше многу поголема од каматата што ќе ја плаќаме на овој кредит кој што е далеку помал од тоа што пред време сме исплатиле. Тие биле непродуктивни кредити, сме ги исплатиле, сега зимаме продуктивни кредити поради тоа што со овие кредити ќе градиме патна инфраструктура која што 17 години не е градена во Република Македонија.

Во врска со Буџетот постојат две работи кои сакам да ги потенцирам. До колку госпоѓа Иванова вие како координатор на пратеничка група на СДСМ ги земете сите амандмани кои ги имаат поднесено вашите пратеници и се обидете да ги структуирате во Буџетот, тогаш ќе добиете еден документ кој не може да функционира ниту 24 часа. Значи од една страна намалувате со вашите амандмани средства од друга страна имате 200 амандмани со кои предвидувате покачување на трошоците. Тоа е доказ за популизмот кој што ве води во вашата работа во Собранието, а во однос на полнењето на Буџетот ќе ви кажам дека од една кутија цигари над половина од средствата одат во Буџетот на Републиката. Колку чинело функционирањето на Бајруш Сајдиу во Република Македонија последниве 10 години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Цветанка Иванова, повлете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

За Бајруш Сајдиу нека си ги праша тие кои што го наградува.

А сега околу условите за доделување, му благодарам на колегата што ги кажа пред јавноста и јавноста знае дека сите овие услови општина Струмица ги исполнува, ама не добила средства толку колку што треба да добие според овие услови.

Околу предвременото враќање на кредитите, се прашувам и ако не сум економиста и вие не сте, зошто сте ги враќале тие кредити ако повторно се задолжуваме и зошто ги мешате тие кредити со кои СДСМ воопшто нема врска, тие се од поранешната југословенска република, од Лондонскиот Клуб.

Околу амандманите, свесни сте дека не ви држи ова што го зборувате, затоа што ние имавме еден општ амандман како СДСМ, со кој сакавме да укажеме на нашиот концепт на Буџет, а за останатите амандмани земавме средства од непродуктивните функции, од средствата за непродуктивни функции на државата. Добро знаете колега.

И уште еднаш ве прашувам, ако сте толкав поборник, кажете колку пари потрошивте за кампања за рекламирање на Владата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги,оние кои се присутни во салата,

На дневен ред имаме една точка која се однесува на тоа Република Македонија да се задолжи кај Европската банка за обнова и развој по проект за реконструкција на постојните регионални и локални патишта во износ од 50 милиони евра.

Ставот на нашата пратеничка група е дека во услови кога Буџетот изнесува над 2 милијарди и 700 милиони евра, Република Македонија нема потреба да зема ваков кредит и дополнително да се задолжува, затоа што цениме дека внатре во самиот Буџет за 2009 година, до колку Владата сака, има резерви од кои може да ги најде овие средства.

Зошто сметаме дека не е добро Република Македонија со кредит да финансира еден ваков проект, кој што се однесува на регионалната и локалната патна мрежа? Прво затоа што Владата планира тоа да го направи со дефицит, значи да потроши пари што ги нема на сметка на некои идни генерации кои треба да го враќаат овој кредит. Ваквиот дефицит кој што Владата го планира да го создаде во Буџетот ќе се одрази и на дефицитот во трговскиот биланс и на тој начин уште повеќе ќе се влошат условите за стопанисување на економските субјекти, едноставно ќе се влоши и онака лошата економска состојба која во 2009 година се очекува да се заостри, се поголем број на фирми да затворат, работниците да останат на улица и без егзистенција. Владата се решава дополнително на огинот со овој кредит да долее бензин, значи не да се обиде да го намали дефицитот, да го стегне ременот во трошењето на народните пари и да најде внатрешни резерви во Република Македонија, туку се обидува тоа да го реши со кредитирање. Нема потреба да се земаат кредити, нема потреба дополнително да се задолжува Република Македонија за проекти лои можеме и самите да ги финансираме. Дополнителен аргумент за тоа дека не може на овој начин да се финансира реконструкцијата на регионалната и локалната патна мрежа е и тоа што веќе постои еден кредит од Светска банка кој што не е искористен, а е наменет токму за изградба на патишта.

Тука имаме и претставник од Владата, би го запрашал колку од кредитот од Светска банка кој што е во тек се повлечени средства за изградба на патишта во Република Македонија и колкав е самиот кредит. Би го замолил заменикот министер за финансии да одговори на ова прашање, па да видиме дали имаме потреба да земаме нов кредит за иста намена.

Втората причина за која сметаме дека нема потреба да се земе кредитот е моментот кога се планира да се реализира овој проект. Нас не очекуваат во месец март локални избори и Владата сака со ваков кредит да им помогне на општините, во кои градоначалниците се од нивната партија, полесно да ги освојат гласовите на граѓаните со пари на сите граѓани кои ќе ги плаќаат сите граѓани во Буџетот. Таа сега ќе направи кампања дека многу ќе работи на локалните патишта, на регионалните патишта во година на локални избори. Притоа несакајќи овие проекти да дозволи општините сами да ги финансираат, да го отвори процесот на децентрализација и да им овозможи општините сами да управуваат со градежното земјиште, да им дозволи поголем процент на зафаќање од ДДВ, да се откаже од своите права за трошење непотребни народни пари и општините да можат сами да си ги решаваат инфраструктурните проблеми во делот на локалната и регионалната патна мрежа.

Трета причина поради која не треба да се земе овој кредит е и тоа што Владата на некој начин приоритетите ги именува согласно годината во која што следат изборите. За минатата година или за оваа година 2008 најавуваше големи проекти за изградба на автопати во Република Македонија, затоа што беа парламентарни избори. Сега наеднаш наредната година кога доаѓаат локалните избори приоритет ќе бидат локалните патишта, автопатите ги направивме, кои беа ветени, сега ќе ги решаваме локалните патишта бидјеки треба, нели, на граѓаните да им се каже дека нешто се работи. Зошто нема ниту едне автопатски правец предвиден во Програмата на Владата за изградба на патишта? Значи и тука Владата се обидува да направи обид во кој на граѓаните повторно ќе им претстави лажна слика дека се обидува нешто да направи. Немате ниту денар за автопатски патишта, автопат немате планирано ниту еден метар да се изгради во Република Македонија. Земете ја Источна Македонија, зборувавме за тоа и на Комисијата за финансирање и буџет, дали таму нема потреба да се изгради автопат. Во Западна Македонија веќе направивме автопатски решенија кои се добри, но во Источна Македонија нема ништо. Зошто? Затоа што не ви одговара во година кога има локални избори да правите автопати, сега треба на локалното население да му кажувате колку е Владата успешна, притоа задолжувајки го истото население со пари кај странските кредитори.

Четврта причина поради која што не треба да се земе овој кредит е неспособноста на Владата да ги реализира капиталните проекти. Наназад три години по ред сме сведоци дека капиталните расходи не умеат да ги реализираат. Еве,и за 2008 година ја добивме фискалната стратегија за периодот 2009-2011 година, тука стои дека во 2008 година од капиталните расходи се реализирани само 50%. Од 26 милијарди денари се реализирани само 13 милијарди денари. Огромни средства не успеавте да ги реализирате во 2008 година и сега убедувате дека треба Македонија да се задолжи со нови средства. Живеењето на кредит господа од ВМРО-ДПМНЕ е добро додека не дојде редот да го плаќате кредитот. Ако го потрошите беспредметно на проекти кои не носат напредок, не носат подобар

економски развој, отворање нови работни места, создавање на предуслови кредитот да се врати, не ќе можете да го вратите. Но вие нема да го враќате, ќе го враќаат граѓаните. Секој знае дека животот на кредит е најлесен додека ги трошите парите што сте ги зеле. Кога ќе дојде ред да ги враќате, тогаш ќе видите што сте направиле и како сте ги потрошиле парите.

Овој Предло на закон за задолжување е токму тоа, да земете кредит, да купите живеачка до локалните избори, а потоа некој друг нека му ја мисликако ќе се реализираат и кој ќе го враќа овој кредит. Со вакви проекти и во минатото се покажа дека не може да се оди напред.

Затоа, пратеничката група на СДСМ нема да го прифати законот, затоа што сметаме дека има внатрешни резерви во Буџетот кој Владата ако сака може да ги најде. Колегите зборуваа за рекламите, за договорните услуги, купувањето на мебел, опрема, машини и возила за огромни ставки. Само да договорните услуги имате 420 милиони евра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе.

Дообјаснување во врска со барањето од пратеникот во врска со средствата од кредитот од Светска банка, значи со средствата од светска банка ќе се градат други делници се планирани во проектот за реконструкција и тоа делниците Илинден-Калуѓерец, Ржаничино - Св. Николе-Сушица, Млакавица-Неготино, Давидово - Раброво, Стацин-Пробиштип, Струга-Дебар, Макази граница со Грција Прилеп-Македонски Брод, Прилеп-Кривогаштани, Превалец-Стојмирово и Струмица-Дојран. Значи околу 288 км. Делници кои што се предвидени за реконструкција, така да со овој проект веќе е во тек постапката за избор на понудавачи кои што треба да ги градат овие делници додека со во делот на Светска банка за локални патишта во тек се врши ревизија по однос на поднесените проекти од страна на општините. Досега се ревидирани 13 објекти од кои што девет повторно се вратени на повторна преработка, а додека со овие средства од ЕБРД како што напоменав и во воведното излагање се работи за реконструкција се предвидени доградба на сосема други патни делници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика Николов Марјанчо, повелете.

**Николов Марјанчо:** Му благодарам на заменикот министер за образложението и токму тука лежи главната причина зошто не го поддржуваме овој Закон. Значи веќе има еден кредит и ако тој велеше дека се работи за други патни правци ние и тие средтва не можеме да ги искористиме. Од 13 проекти за локални патишта тој кажа дека 9 се вратени.А сега правиме ново задолжување кога веќе имаме за иста намена земено кредит. Значи тие средства ќе останат неискористени затоа што веројатно она што се повторува кај оваа Влада капиталните расходи не може да ги реализира. И затоа нема потреба за ново задолжување кога веќе имаме еден таков кредит.

**Трајко Вељаноски:** Има збор Николовски Александар. Повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам, почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Сакав кратко да позборувам околу предлогот на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа. Сакав првично да ја поздравам идејата неколку причини кои што ќе ги елаборирам во следниве неколку минути. Имено, за жал во Република Македонија постојната ситуација со регионалните, општинските и локалните патишта е нешто повеќе од катастрофална односно за жал во овој момент во Република Македонија поврзаноста помеѓу едно и друго населено место, помеѓу две села, помеѓу две општини по градовите или помеѓу две населби во општините или помеѓу две поголеми населени места во градовите е далеку од задоволителна и тука можеме да продолжиме да бараме причини повеќе, но има две кои што се основни. Првата која што за жал, е исклучително долг временски период, скоро и да не се инвестирало ништо во патната мрежа од едноставна причина што не била приоритетна ниедна ниту централна власт ниту локална самоуправа. Втората причина лежи кај локалната самоуправа, која што за жал, од едни, други, или трети причини не скогаш инвестирала во подобрување на патната мрежа, заради тоа што за ова што зборуваме сега е генрална ингеренција на локалната самоуправа. Тоа е факт, и од тоа неможеме да избегнеме. Можеме да говориме зошто е тоа така, дали општините имаат мали приходи, дали имаат други приоритети, дали ги користат средствата на друг начин, но тоа се фактите и тоа не се факти , кои што се теоретски, кои ги говориме во оваа сала, тоа се факти кои ако излеземе не само надвор од Скопје, туку надвор од центарот на Скопје ќе ги забележиме тие работи, во било која општина да одиме во Република Македонија, меѓу две села да сакаме да одиме од град во село итн, ќе видиме катастрофална состојба на регионалните патишта и на општинските патишта, што драматично ја отежнува комуникацијата помеѓу населението во овие населени места, понекогаш ја прави дури невозможна, особено во ваков период каков што е сега, есенски, зимски, кога има дождови, кога има снегови итн. Тоа е една жална слика, која што помеѓу другото говори за тоа како досега сме ја развивале Република Македонија , заради тоа што сликата на една држава најмногу се патиштата. Кога доаѓа странец, најчесто доаѓа по сувоземен пат и тоа е првиот начин на кој се

запознава државата. Така што постои една апсолутно видлива потреба ако се случи и добро е што се случува, добро е што е во овој обем и јас да бидам искрен, можеби требаше дупло да размислиме да реализираме, но можностите на државата се такви, помошта што ја дава овој вид на заем Европската банка за обнова и развој, таа е што е и добро е што овие сто милиони ќе бидат вложени. Исто така, има уште две работи за кои што би сакал да позборувам, поврзани со оваа работа, а тоа е дека овие средства и ова вложување ќе има индиректно влијание во стопанството, што е вонредно значајно во периоди на светска криза која што се случува и најави на свои последици во Република Македонија . Тие се два ефекти, од кои што едниот е долгорочен, вториот е краткорочен.

Краткорочниот е дека по дефиниција градежништвото врзува во случајов ниска градба, односно изградба на патишта, вклучува за себе многу гранки, ги врзува многу гранки и е трудоинтензивна дејност, која што ќе овозможи доста средства да се влеат во македонското стопанство, да бидат завртени, да зборувам со народен јазик, и на тој начин да успеат да го раздвижат стопанството.

Имено, неколку години по ред, токму во градежништвото покажуваме највисок раст и со овие средства уште повеќе ќе го направиме тоа.

Имаме исклучително позитивни примери во оваа насока. На пример ќе ја земам Хрватска, каде што значајни средства беа вложени во патната инфраструктура, што доведе до една цела спирала , која што го стимулираше стопанството, односно овозможи многу гранки да се о творат, многу средства практично да бидат не само влеани во стопанството, туку и да бидат оплодени и уште еднаш оплодени и да го кумулираат економскиот раст во таа држава.

Секако треба да се инвестира и во железницата, треба да се инвестира и во воздушниот сообраќај, заради тоа што на крајот на денот тоа се местата од каде што најуспешно може да се развива стопанството. Долгорочниот ефект за стопанството е што ќе успее да ја направи комуникацијата помеѓу населените места далеку полесна и далеку побрза, што ќе заштеди многу пари во стопанството во време, во амортизација на возила итн.

Тука би сакал да позборувам за уште една работа, а тоа е капацитетот на општините кој што делумно беше спомнат тука, а тоа е дека овие средства ќе се трошат на тој начин што општините на крајот на целиот процес треба да ги оспориме. Треба да изработат проекти кој што проекти треба да ги достави Министерството за транспорт и врски, соодветно да бидат одобрени, да се распишат тендери и да се реализираат патиштата. Така што, од капацитетот на општините, зависи која општина колку ќе искористи и тука е вонредно значајно да се стимулира и да се обучи општинската администрација. Тоа не било направено досега. За жал, во многу општини не е направено и да може општинската администрација соодветно да аплицира и да добие средства за вакви патишта кои што многу ќе им помогнат на граѓаните во Република Македонија .

Овде би сакал да искоментирам и неколку работи што беа спомнати од колегите од опозицијата.

Генерално колку што разбрав јас ставот на СДСМ е дека нема да гласа за овој Закон и тоа апсолутно е погрешна политика и теза, од причина што не можете против се да бидете против. Не можете по дефиниција против сите мерки која што власта, владејачката партија, владејачката коалиција, Владата, сака да ги спроведе, а вие да бидете против. Не можете да бидете против стотици села во Република Македонија да бидат подобро поврзани помеѓу себе. Не можете да бидете против, стотици населени места, големи населби во градовите, подобро да бидат поврзани помеѓу себе. Тоа е една неодржлива политика и тоа е една помеѓу другото причината поради која што вака стојат работите на политичката мапа во Република Македонија и апсолутно, тезите од типот дека не треба да се случи ова заради тоа што доаѓале избори, или не треба да се случи ова заради тоа што ќе било искористено во маркетинг и.т.н., не држат. Маркетинг може да се случи под услов, да има што да се изрекламира. Вложувањето не познава ни ден ни ноќ, заради тоа што секогаш можете да најдете политичка причина, зошто да не го направите, биле едни избори, биле други избори, политичкиот момент бил таков, рејтингот паднал, рејтингот пораснал и.т.н. Но на крајот од денот останува завршена или незавршена работа. Се изградил патот, или не се изградил патот од едно до друго населено место. Во таа насока, ја поздравувам идејата што се о твори темата по однос автопатите и тоа е вонредно значајна тема, но тука работите ќе се решаваат на европски начин, на начин на кој што тоа го решаваат модерните држави во Европа, еве ја спомнав Хрватска, Хрватска на пример така го решава. Имено, автопат е исклучително скапа работа, за информација на граѓаните, зависно од конфигурацијата на теренот, километар автопатна мрежа чини околу два или пет милиони евра. Така што, најзначајните правци во Македонија од Коридорот 8 и оној дел од Коридорот 10, кој што не е завршен, веќе е почната постапката да бидат дадени под концесија, да ги изградат фирми кој што ќе имаат интерес, кој што потоа ќе ги стопанисуваат и на тој начин да има корист и стопанството, но и Република Македонија да биде поврзана со сериозна патна мрежа и јас сум убеден дека за неколку години, сите ние што не сме од Скопје, што патуваме да дојдеме тука на работа, ќе патуваме по исклучително добра патна мрежа.

И на крајот, дозволете ми, можеби по малаку нескромно, но реално да кажам дека ова што го

правиме денеска како Собрание е една историска работа, заради тоа што дваесеттина, можеби и триесет години не било вложено во местата во кој ние денеска ќе одлучиме да вложиме, дваесетина можеби и триесет години, значаен дел од населението во Република Македонија се чувствувло запоставено, заради тоа што неможело нормално да комуницира од наслено место до населено место, од село до село. Овој е начин помеѓу другото да ги вратиме луѓето онаму одкаде што потекнуваат и од каде што излегле, на поинаков начин да ја раздвижиме Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавен Николов Марјанчо. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал на колегата да му реплицирам за неколку работи.

Прво колега Николовски нема разликаа помеѓу ВМРО и СДСМ околу тоа дали треба да се гради инфраструктура.Тука нема разлика. Разликата по однос на овој проект, е начинот на кој се обидувате вие да направите. Со задолжување, во услови кога имате во Буџетот ставки кои што можете да ги искористите попаметно и порационално, наместо да се задолжувате. Јас незнам дали вие го имате видено Буџетот и би ве замолил, еве да кажете, бидејќи сметате дека треба да се задолжи Република Македонија, дали е приоритет да се трошат средства за рекламирање на Владата. 426 милиони евра за други договорни услуги, 31 милион евра за други тековни расходи, 107 милиони евра за разни трансфери, 19 милиони евра за други нефинансиски средства, 113 милиони евра за купување мебел и опрема. Тука ли сега ќе не убедувате дека овде нема 50 милиони евра, да го релизирате овој проект. Ние спориме со начинот. Нема потреба Република Македонија да се задолжува. И не е добро да ја манипулирате јавноста дека е некој против изградба на патната инфраструктура. Споредбата што ја правевте со Хрватска не е соодветна. Зборувавте за автопати и за регионални патишта. Хрватска инвестираше во изградба на автопати кон туристичките места, затоа што од туризмот зема меѓу 6 и 10 милијарди евра кои што тие стопати сами по себе се исплатливи. Затоа вие неможете да правите такви споредби што не држат. И тоа дека 20-30 години, 50 години, 100 години, никој ништо не правел во Република Македонија, треба веќе да го надминете.Сите овие години имаше инвестиции. На никој не му текнало да прави како вас пропаганда од целата работа. Вие се фалевте со компјутер за секое дете, три години уште не е реализирано, 40 милиони евра. Со 40 милиони евра се фалите три години за набавка на медицинска опрема во здравството. Не е реализирано. Оваа година од капиталните инвестиции сте реализирале 50%. Затоа ова го правите во година на локални избори, затоа што ќе се испофалите, а од реализацијата веруваме дека , дај боже да биде до 70%, ќе биде добро. Меѓутоа, нема да биде така.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам . За контрареплика се јави господинот Николовски Александар.

**Александар Николовски:** Благодарам, околу Буџетот, ќе имаме прилика деновиве да поразговараме, ќе биде на дневен ред во Собранието, но факт е дека и во Буџетот, несакајќи да го одземам целото време, процентот на директни капитални инвестиции е зголемен и е најголем во историјата на Република Македонија . Од тоа не се бега, тоа се бројки.

По однос на тоа дека 20-30 години не било вложено, тоа е така, знаете вие , а знам и јас, не сме двајцата од Скопје, вие сте од Велес , јас сум од Охрид, си ги знаеме местата, си ги знаеме селата и знаете дека ви треба добар џип , од оние за Сафари за да можете да појдете од едно до друго населено место.

На крајот, по однос на локалните избори, мислам дека исто така од ваша срана не е во ред да го користите овој аргумент, заради тоа што и вие и јас знаеме дека најзначајниот дел од патиштата нема да биде реализиран до средината на март, кога треба да се одржат изборите, заради тоа што има тендери, конкурси итн.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Ви благодарам претседателе.

Добро е што почна да има некаков дијалог, полека почнуваме во некој дел да заличуваме на Парламент, но многу е интересно како е можно во однос на тоа дали сте опозиција или позиција на работите да гледаме толку различно. Или пак сакаме на овој народ, кој и така е збунет да му дадеме претстава дека имаме сосема различни погледи на светот.

Овде јас не видов човек кој кажа дека е против добра патна мрежа во Република Македонија. Таков нема без разлика дали е претставник на позицијата или на опозицијата. Мислам дека ова на Македонската јавност и е јасно, особено господине Александар, Ви се обраќам на вас затоа што бевте последен од позицијата, ако потекнувате од Источна Македонија, јас доаѓам од таму е многу добро ќе видите дека таму патната мрежа е катастрофална. Тоа на сите луѓе им е исклучително јасно.

Друго што е јасно и што ние не сме го измислиле, затоа што не сме измислиле топла вода, некој пред нас многу работи измислил е тоа дека е логично во услови на економска криза, уште повеќе во услови на таква страшна светска економска криза земјите кои домаќински се однесуваат кон своите земји, кон својот народ да се свртат кон инвестирање во некои трајни вредности, како што се изградба на инфраструктура, пред се изградба на патна

мрежа. И тука нема никој ништо против. Верувам дека сите се согласни со тоа.

И да речеме дека Владата прави некои напори во тој правец.

Она што е нелогично, тоа е начинот на кој вие ова го предлагате. Значи, Владата сега во време кога има енормно голем буџет се обидува да ни докаже дека треба покрај тие 2,7 милијарди евра да позајми 50 милиони и да ни докаже дека тоа е единствен начин како патната инфраструктура може да се подобри.

Навистина сметам дека тоа е нелогично, а знаете ли зошто?

Ако земете предвид како буџетот се реализираше минатата година, буџет кој беше многу помал од овој. Минатата година со ребалансот, со начин како се префрлуваат средства, со последната одлука која овде се донесе, во ова Собрание, се покажа класична неспособност за користење на предвидените средства во Буџетот на Република Македонија.И тоа е факт. Значи, кажете ми, ако сега покрај овие 2,7 милијарди евра решите, а тоа ќе го направите, да ја задолжите Република Македонија со уште 50 милиони евра, кажете ми кој ќе биде виновен ако и наредната година се повтори истата слика. Значи, и наредната година со ребаланс се обидете да ги префрлете средствата на некои места што значат енормно страшно кршење на граѓанските права, како нешто што го направивте со последниот ребаланс, кога префрливте огромни средства во Министерството за внатрешни работи. Знаете зошто или знаете како.

Или ги префрлите така едноставно, со одлука средствата во ставки кои во овој момент на сите нас ни изгледаат нелогични. Но затоа што нема да успее оваа јавна администрација за која некни зборував не успева ниту добро да буџетира, ниту добро да ги управува средствата, ниту добро да ги потроши на крај многу едноставно да се обиде да ги префрли некаде без никаква логика и тоа во година кога ние на нашите граѓани многу јасно им кажуваме дека наредната година ќе биде многу тешка, наредната година, а тоа вашите министри го кажаа, треба сами да се снаоѓаат ќе ја поминат, наредната година треба да штедат. Кажете ми. Ако на децата дома родителите им се пример за она што го прават каков пример ќе биде Владата ако ние дозволиме покрај енормниот буџет така енормно и да се задолжува.

Многу јасно беа кажани ставки од кои вие можете да обезбедите средства за оваа патна инфраструктура. Значи, уште еднаш повторувам никој во оваа држава нема против да бидат подобрени и да бидат обновени патиштата. Тоа е одлична идеја и тоа секако дека треба да се направи.

Затоа со амандманите кои овие денови се поднесуваа, тоа е нешто за што сеуште ќе расправаме, сметам дека Владата требаше малку повеќе да се стегне во трошењето пари и требаше тие средства да ги обезбеди и да ги планира, да мисли уште во текот на годината кога се спрема буџетот како 50 илјади евра додатни ќе обезбеди за да може да ја подобри патната инфраструктура.

Затоа уште еднаш ве молам немојте на народот да му правите лажна претстава дека некој е за добра патна инфраструктура, некој е против добра инфраструктура, а вие сте за и како што веќе беше спомнато наредните 3-4 месеци ќе потрошите ако не толку, сигурно една значајна сума за да се рекламирате како ги правите. Не ни кажувате колку средства трошите за реклама. Тоа толку многу љубоморно се чува, не може да биде тајна, еден ден ќе излезе на виделина, пресметливо е сето тоа колку изнесува.

Затоа сметам дека моментот кој е одбран за вакво задолжување е погрешен и сметам дека не треба да дозволите Република Македонија во овој момент да се задолжува со нови 50 милиони евра. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам почитуван претседател.

Пред неколку часа некој од колегите пратеници предложи да ни се распредели листата на општини и проекти кои ќе се финансираат со овие средства. Но, до овој момент тој документ не го добивме, така што оценуваме дека не е во ред неколку часа да се дебатира, да се расправа за овој износ на средства, каде исто така се потврдува дека има листа на општини и проекти кои ќе се финансираат со овие средства, додека ние оваа листа не можеме да ја добиеме.

Предлагам претставникот на Владата што побрзо да ни ја обезбеди оваа листа, или список и доколку е потребно во име на парламентарната група на ДПА барам пауза, ако може за 30 минути да ми се обезбеди тој документ, нека бидат 30 минути. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали званично како пратеничка група барате пауза.

**Имер Алиу:** Да.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи барате пауза ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работа во 16,50 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,20 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,53 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Алиу Имер, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседателе.

И покрај паузата од половина час, не успеавме да го добиеме тој документ од претставниците на Владата за тоа како ќе се распределуваат овие средства и која ќе биде методологијата на

распределба на средствата. Дали сигурно ќе бидат опфатени сите региони во Македонија. Или поточно што ме интересира повеќе, колку седства ќе бидат распределени за општините со мнозинство Албанци?

Многу ми е жал што претставниците на Владата не најдоа за спорно на нас пратениците да ни овозможат да имаме пристап до овој документ, што ценам дека треба да биде составен дел од материјалите за точкава на дневниот ред.

Господине претседателе,

Предлагам денеска да не се гласа за оваа точка на дневниот ред, токму поради тоа што беше дадена и оваа пауза претходно. Мислам дека е неопходно да ја имаме таа листа на општини и проекти што ќе бидат финансирани од овие средства, бидејќи цениме дека се работи за релативно голема сума за да не знаеме кои општини ќе добијат од оваа сума средства.

Предлагам денеска да не се гласа за оваа точка од дневниот ред додека не ни се овозможи да имаме пристап во документите што јас, како координатор на парламентарната група на ДПА ги побарав.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа во предлог законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Предлогот на законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 52 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 47 пратеници, воздржани нема, 5 гласаа против.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата)

Во салата има 58 пратеници.

Молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Во салата има повеќе од 61 пратеник.

Го повторувам гласањето.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, од нив за заклучокот гласаа 54 пратеници, воздржани нема, против 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на закон за изменување на Законот за комунални дејности - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор заменикот министер за транспорт и врски, повелете.

**Љупчо Димовски:** Благодарам претседателе.

На кратко ќе го образложам Предлогот на законот за изменување на Законот за комунални дејности.

Имено, Закон за комунални дејности е донесен во 1997 година, со што се уредени основните услови, финансирањето, начинот на вршење и другите прашања од значење на комуналните дејности. По донесувањето на овој закон, донесени се и посебни закони од областа на комуналните дејности во кои се уредени условите и начинот на вршењето, како и прекршочните санкции што се усогласени со Законот за прекршоци.

Во меѓу време, на овој закон се направени неколку дополнувања со Законот за изменување и дополнување на Законот за комунална дејност и со Законот за изменување и дополнување на Закон за комунални дејности.

Во предлогот на законот за изменување на Законот за комунални дејности, со членот 1, во член 3 став 1 точка 7-а, и со членот 2 во член 29 став 1 во последната алинеја, се бришат зборовите “и технолошки”, а зборот:”обработка”, се заменува со зборот “преработка”, со што се врши терминолошко усогласување со Законот за управувасње со отпад.

По извршената анализа за усогласување со Законот за прекршоците се увиде потребата од донесување на Закон за изменување на Законот за комунални дејности, со што ќе се овозможи бришење на казнените одредби во овој закон, утврдени во членот 37 и 38. Имено, непочитувањето на обврските што произлегуваат при вршењето на комуналните дејности меѓу корисниците и давателите на услуги е санкционирано во посебни закони. Имајќи предвид дека се донесени посебни закони: Законот за складување на вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води, во

Главата 7, членовите 43 и 44, Законот за управување со отпад, во Главата 13, во членовите од 139 до 142, Законот за јавна чистота во Главата 5 од членовите 29 до 42 со кои што се предвидени прекршочни одредби и поблиску ја определуваат материјата утврдена со горенаведените членови. Нема потреба одредбите да бидат предмет на Законот за комунални дејности.

Од овие причини, со членот 3 во Предлогот на законот за изменување на Законот за комунални дејности се бришат наведените членови од Законот за комунални дејности бидејќи нема основ за постоење на прекршочни санкции во истиот.

Законот чие донесување се предлага е заснован врз истите начела според кои е донесен и Законот за комунални дејности. Со Предлогот на законот за изменување на Законот за комунални дејности не се предвидуваат буџетски импликации врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства, а за неговото спроведување не се потребни финансиски средства ниту пак законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување на Законот за комунални дејности е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за транспорт врски и екологија и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 62 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија ви се доставени однсono поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија министероот за труд и социјална политика и госпоѓа Јакупи Зумрете.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Почитувани патеници,

Дозволете ми накратко да ги образложам причините поради што се предлагаат измени и дополнувања на Законот за вработување и работа на странци.

Законот за вработување и работа на странци е донесен во 2007 година, но заради попрактична примена на законот неминовно се наметна потребата од негово изменување и дополнување.

Инаку, целта што треба да се постигне со измените и дополнувањата е пред се забрзување на постапката и намалување на роковите за издавање на соодветни типови на работни дозволи.

Исто така законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кој е заснован и сегашниот закон.

Со измените и дополнувањата на Законот за вработување и работна на странци се врши и измена на одредени рокови и терминолошко усогласување со Законот за азил и привремена заштита и на крајот, во процесот на издавање на работни дозволи се врши намалување на периодот во кој што одредени надлежни институции треба да постапкат по барањето на странката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Овој Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за вработување и работа на странци едноставно ги уредува условите за издавање дозволи за работа. Го уредува и начинот за издавање дозволи, условите за нивно издавање и различните прекугранични служби од странските компании, преку Упатството за работа во филијалите и здруженијата на странски компании што се наоѓаат во Република Македонија. Ја уредува и сезонската работа на странците, работата на странските претставници во компаниите и овозможува дејност на странци во Република Македонија.

Меѓу другото, уредува и други прашања во врска со работата на странци, надзорот, евидентирањето и заштитата на правата од работен однос. Сите овие измени за исполнување на овој закон за вработување и работа на странци овозможуваат поголема ефикасност во спроведливоста односно Законот е

попрагматичен, поедноставувајќи го истиот и забрзувајќи ги постапките што постоеле до сега, така што на овој начин да се овозможи издавање на соодветни дозволи за работа на странци.

Исто така, го зголемува и рокот на траење на овие дозволи, со што се овозможува да се олесни работата на разни претпријатија за вработување странци. Со овие измени се придонесува кон заштитата на интересите на странците. Истовремено се овозможува усогласување на нашите закони со оние на Европска унија, закони што постојат во сите европски земји. Покрај другото се усогласува и со терминологијата на Законот за азил, и се имплементираат определбите направени во конвенциите во Советот на Европа за борба против трговија со луѓе. Конвенција што исто така ја потпиша и Република Македонија, што треба да ја ратификуваме до крајот на 2008 година.

Покрај другото, со овие усогласувања, како што реков, се усогласуваат нашите закони со Европските закони, така што сето ова е амбиција на Република Македонија. Затоа ценам во име на ДУИ дека е ова ефикасен закон и истиот ќе го поддржиме. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Алиу Имер, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседателе.

Сигурно ќе се согласите дека симпатично звучи овој нов начин на функционирање на легислативата на ДУИ. Несомнено е дека претставниците на ДУИ на овој начин ќе го аплицираат Законот за употреба на јазикот.

Слушајќи го образложението од страна на министерот и колешката Јакупи, таа настојуваше на некој начин, на албански јазик да го преведе тоа образложение. Мислам дека колешката требаше малку повеќе да ги прелиста овие изменувања и најмалку што м ожеше да направи да го измени образложението што го даде министерот за труд и социјална политика.

Токму тука е аргументот што претставува слабост на Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, каде што на министрите не им се дозволува да зборуваат на албански јазик.

Го поздравувам новиот начин на претставниците на ДУИ каде што сега пратениците само ќе ги преведуваат образложенијата на своите министри. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика госпоѓа Јакупи Зумрете, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.

Почитуван колега,

Вие треба да бидете благодарни што ДУИ ви овозможи вие овде да говорите на убавиот албански јазик. Затоа и со вашиот блед говор го спорам тоа и тоа категорично што го изнесовте.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата за пријавени на збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 68 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Тука ја прекинувам седницата.

За продолжение на оваа седница дополнително ќе бидете известени штом се создадат деловнички можности.

Утре имаме нова, 37 седница во 12,00 часот.

(Седницата со работа прекина во 17,14 часот)